# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Второто продолжение на Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 април 1999 година

Седницата се одржа во салата на Владата на Репубпика Ма-кедонија, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Илјаз Халими.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Денеска требаше да продолжиме со Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, но има промена во редоследот на овие седници. Ова е последна консултација што е извршена помеѓу претседателот на Републиката, премиерот и претседателот на Собранието, така што денеска ќе продолжиме со Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија. Значи продолжуваме со Петнаесеттата седница, со првата точка, со која вчера ја започнавме оваа седница.

Сакам да ве информирам за две работи, прво, претседателот на Собранието кратко време нема да биде присутен на седницата, поради обврските што ги има, кај него дојде една турска делегација, но за кратко време ќе дојде и второ, тој ме извести дека вчера и денес-ка има обавено разговори со претставниците на пратеничките групи и со нив се договорил по можност првата точка од дневниот ред по Петнаесетата седница да учествуваат што помалку пратеници со свои дискусии, поради тоа што во 13 часот е закажана посебна Седумнаесетта седница на која претседателот на Републиката ќе зборува.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги во име на пратеничката група на СДСМ, сакам да изразам незадоволство од позицијата во која почнавме да се доведуваме и од начинот на кој се закажуваат и договараат седниците. Прво, сакам да демантирам дека е постигнат било каков договор со координаторите за редоследот и за начинот на кој ќе се води расправата и укажувам на фактот дека јас како координатор и пратеничката група на СДСМ немаме намера во иднина со т.н. координации со претседателот да се договараме за работа вон Деловникот на Собранието. Сега почнува да станува обичај во ова Собрание претседателот да бара секој ден по две координации, на кои секогаш бара, Деловникот на Собранието да се прескокнува и ние да работиме вон Деловникот. Вчера ние баравме расправата да продолжи и ни беше укажано дека тоа е невозможно, јас незнам што се случува во меѓувреме денеска или вчера навечер, зависи кои пратеници добивме официјална телеграма со решение на претседателот Климовски дека во 11 часот продолжуваме со Четиринаесеттата седница, а во 13 часот по новата Шеснаесетта, односно Седумнаесетта седница. Сега практично на самата седница повторно се известуваме дека не продолжуваме со Четиринаесеттата, туку се враќаме на Шеснаесеттата, односно Седумнаесеттата седница и јас ве молам да ја прекинеме оваа трагична ситуација, пратеничката група на СДСМ е подготвена да продолжи со работа по Четиринаесеттата седница, а ние сме подготвени во 15 часот да продолжиме со расправа по Шеснаесеттата, односно Седумнаесеттата седница. Затоа ве молам да продолжиме по Четиринаесетата седница и да ни дозволите терминот кој вие ни го одредивте во 15 часот и за кој ние сме подготвени, бидејќи како што гледате одреден број наши пратеници не се присутни затоа што се подготвуваат за дебата во 15 часот. Да не дозволиме сега повторно да се менува начинот на закажување на седниците адхок. Едноставено ние не сме во состојба на секои 15 минути да менуваме кога ќе ги гледаме кои закони. Бараме минимум она што вие вчера го побаравте да се оствари, а ако не сте во состојба со Четиринаесеттата седница да продолжите, тогаш би ве замолил да дадете една пауза до 13 или 14 часот, па после да продолжиме со седницата која вие ќе ја најавите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Точно дека така се договоривме, денеска да продолжиме со Четиринаесеттата седница, меѓутоа, ова е по иницијатива на претседателот на Републиката кој се договори со премиерот и претседателот на Собранието, затоа и дојде до промена на редоследот на седниците. Сметам дека ништо нема да изгубиме ако продолжиме со работа по Петнаесеттата седница.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници. Јас мислам дека претседателот на државата нема ние што да го чекаме и

нема што ние да одложуваме заради претседателот на државата. Се наоѓаме во една тешка состојба и ние како пратеници на овој законодавен дом и македонската јавност да знае дали ние постоиме како пратеници во Република Македонија, или не постоиме. Ако не постоиме, дајте овој Парламент да го распуштиме и нека има нови избори. Јас сметам дека ние би требало да заседаваме по точката која е на дневен ред, да не одложуваме седници, затоа што нашите граѓани се револтирани многу и се шират разни дезинформации во Република Македонија. Надлетуваат авиони, паѓа нешто, дали паѓаат играчки од одозгора или нешто друго или нешто се случува во Република Македонија, ние сите треба да знаеме, а ние сме тие во овој законодавен дом што ние треба да се изјасниме и нормално ако мислите дека некој друг треба во оваа држава да решава, на пример само претседателот на Републиката или Владата јас ќе си дадам оставка од Парламентот, зашто не сме потребни во овој законодавен дом како пратеници да бидеме присутни тука, кои можеме да решаваме за државата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Токму поради ова што го кажа пратеникот Амди Бајрам, мислам дека е многу важно да расправаме за првата точка од Петнаесеттата седцица по Информацијата за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија. На ова вчера инсистираа доста пратеници и можеби беше наш пропуст што можеби ја одложивме за еден ден, но сепак мислиме дека е во ред и е многу важно денеска да продолжиме со Петнаесеттата седница, по првата точка, а потоа кога ќе завршиме по оваа точка да почнеме со Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија на која претседателот ќе им се обрати на пратениците и на јавноста.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Дами и господа, почитувани пратеници на вчерашната седница Парламентот со мнозинство на гласови донесе свој став за текот на седниците, што би требало денеска да се случува. Вчерашниот концепт на седницата беше променет и од оваа говорница соопштив дека не сакам да навлегувам во мотивите на сето тоа, иако јавноста не е толку неискусна, напротив мислам дека имам големо искуство, може да постојат и тактички варијанти на седниците на кои би се изнесувале своите ставови, при што би дошле до израз ставовите на едниот политички блок или на другиот. Но во една ваква ситуација нема ни потреба да се анализираат сите овие вакви работи, да се докажуваат. Меѓутоа, едно е битно вчера ние гласавме и мнозинството на пратеници изгласа како да се одвива текот на денешната работа на Парламентот. Тоа е многу принципиелно прашање и принципиелен став за кого јас лично како пратеник, не зборувам во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ќе го сочувам како став и денеска. Затоа што и денеска и вчера сум убеден во тоа дека лично треба да го почитувам ставот на Националниот совет за безбедност дека двете врвни позиции во државата, претседателот на државата и претседателот на Владата, треба да изнесат свои видувања, како се одвиваат сите овие постапки, околу сите овие случувања и тоа се драгоцени информации за пратениците да можат потоа да дискутираат, затоа што и реално е дека тие не учествуваат директно во развојот на фазите околу целата таа состојба што се случуваше овие 15-16 дена,и треба буквално да речам помош во сето тоа. Од таа причина, мое мислење беше дека ќе беше уште подобро можеби и претседателот на државата да настапеше во првиот дел. Меѓутоа, треба да се почитува и неговото мислење. Така што јас ќе се изземам од гласање за промена на седниците, со која седница би почнале, а пратеничката група ан ВМРО-ДПМНЕ препорачувам да се определи по свое видување.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Почитувани колеги, јас потполно се согласувам со претходните колеги, мислам дека вчера се изјаснивме и неможеме да ги промениме ставовите во рок од 20 часа. Јас ќе гласам за она што гласав и вчера.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, морам да кажам дека е видлива една страшна конфузија во парламентарното мнозинство на владината коалицисја. Денеска слушаме изјаснување од страна на коррдинаторот на ВМРО-ДПМНЕ,

претпоставувам дека господинот Анушев излезе да говори во име на парламентарната група на Демократската алтернатива, од друга страна потпретседателот даде предлог инаку е претставник на Партијата за демократски просперитет на албанците, а сето тоа врз основа на предлогот на претседателот на Собранието, господинот Саво Климовски, кој е избран за претседател на Собранието од страна на парламентарното мнозинство, не од страна на опозицијата.

Јас предлагам, ако не ви е проблем, да направиме едно 10 минути пауза, да се договорите меѓу себе, кој е вашиот вистински став околу целата оваа работа, бидејќи очигледно се наоѓате во еден коалиционен внатрешен хаос. Што се однесува до вчера договорениот распоред за денешнава работа на Собранието, вие знаете дека ние како парламентарна група инсистиравме расправата да продолжи, бидејќи проблемите за кои што треба да разговараме се од суштествен карактер и не трпат одлагање. Вие вчера истуривте цела серија на аргументи зошто е подобро денеска да работиме по еден поинаков распоред. Не убедувавте со тоа дека е подобро тоа да биде расправа и после ислушувањето и обраќањето на претседателот на Републиката, дека е тоа договорено помеѓу претседателот на Собранието, премиерот, претседателот на државата, дека е тоа договорено на Советот за национална безбедност, иако морам да кажам дека Советот за национална безбедност прво не донесува одлуки, туку е советодавно тело и дава препораки. Најмалку утврдува редослед на точки на расправа на седница на Собранието или последователност на обраќањето на премиерот, претседателот на државата и тн. Вие вчера со начинот на кој што го преуредивте дневниот ред извршивте всушност, една суспензија и на Деловникот на Собранието на Република Македонија и на Парламентот во целина, за да не после 24 часа, после можеби 12-тина часа, целосно се премислите и сопствените вчера предложени и изгласани заклучоци, денеска предложивте да се ревидираат. Ако е идејата и целта да се понижи Парламентот, да се деградира Парламентот, да се суспендира највисок«от законодавен дом во Република Македонија и тоа во еден ваков тежок и исклучителен период, мислам дека треба да бидете свесни дека се прави огромна штета на Република Македонија. И дека ако со денешното однесување, со денешниве расправи, всушност, се обидувате таа тенденција да ја продлабочите, едноставно граѓаните да изгубат било каква доверба во Собранието на Република Македонија, да оставиме впечаток на една несериозна институција и едноставно институција каде ниту нешто сериозно може да се расправа, ниту нешто сериозно може да се одлучува, мислам дека треба да бидете свесни за одговорноста која со тоа ја преземате.

Сега да завршам со следното: ако сте договорени за пауза во ред, ако не сте подготвени сакам да го дадам следниот предлог. Социјалдемократскиот сојуз вчера се согласи да расправаме денеска како вие предложивте. Денеска предлагате поинаков распоред. Го прифаќаме и тоа. Нека отпочне расправата по точката за актуелно безбедносната состојба во Република Македонија, врз основа на Информацијата од страна на Владата. Дајте господине потпретседател да ја прекинеме оваа лакрдија, да прекинеме да се надмудруваме на овој план, го прифаќаме и вториот ваш предлог да продолжиме со работа онака како што вие предложивте.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, Колегата Љупчо Анушев излезе во свое име да го каже својот став, тоа е нормално право на секој пратеник, јас би кажал во име на пратеничката група на Демократската алтернатива, ние сабајле имавме координација кај претседателот на Собранието во 8,45 часот, меѓутоа точно е дека двајца координатори, на пратеничката група на СДСМ и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не беа присутни. Значи, тоа не беше целосна координација. Демократската алтернатива и вчера да се расправаше и денес, ситуацијата е иста ние изгласавме она што беше кажано во контекс на препораката на Советот за безбедност бидејќи сметавме дека две највисоки личности во земјава треба да излезат и сите да имаме гледишта за расправа. Како Демократска алтернатива немаме ништо против и Четиринаесеттата седница да продолжи и Петнаесеттата, меѓутоа во текот на вчерашниот ден имаше измени во разговорите, односно по барањето на опозицијата да се види и веднаш да се расправа по таа точка. Сега тоа се користи како контра аргумент на денешниот предлог. Се согласувам со кратка пауза да

се предоговориме, меѓутоа, како Демократска алтернатива сеедно е како сакате Четиринаесетта или Петнаесетта седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас мислам дека нема потреба за пауза но има збор пратеникот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Само пред пет минути споменав дека вчера имавме мотиви да правиме политички маркетинг, и ако сакате можеме да го отвориме, меѓутоа, повторно опозицијата, СДСМ ќе стави една личност што не би сакале да јаземеме за опсервација и може да оди работата навистина непријатно. Тука немаме намера да се расправаме, а што се однесува до тоа дали Парламентот е лакрдија, Вие треба да се запрашате зошто не сте имале преставни утрово. ВМРО-ДПМНЕ немавме претставник на координативниот состанок, незнам дали Ве известиле, ако Ве известиле тоа е Ваш проблем, но ние немавме преставник затоа што вчера имавме јасен став, принципиелен став. Мислиме дека имаме потреба драгоцени ни се информациите и ставовите на претседателот на државата и на премиерот и сакаме после тоа да дискутираме. Нашиот став воопшто не е променет. Но, запазувајќи ја парламентарната демократија, бидејќи таа денеска е предмет на разгледување, оставам на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ дали ќе го потврдат својот вчерашен став.

Така што ако има лакрдија околу денешниве консултации треба да се погледа околу вашите редови. Ние бевме јасни. Ние и понатаму го задржуваме тој став - да се има редослед денеска како што изгласавме вчера.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Збор има пратеникот Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Очигледно е дека владее конфузија, ова не го сваќате злонамерно.

Второ, очигледно дека во Република Македонија без координација со СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ не може да почне седница. Дека сепак постои конфузија, знак е дека не се тука ниту премиерот, ниту министрите надлежни за она што ние дебатираме и заклучувам дека ВМРО-ДПМНЕ воопшто не е консултиран. Тоа е мојот заклучок. А ние да дебатираме, иако нашиот став исто така не е изменет од вчера, ние остануваме на истото, меѓутоа, не е тука Владата, односно токму министрите кои треба да слушнат што ќе кажеме ние како пратеници на Република Македонија.

Јас мислам дека сепак малку треба да се направи една пауза за да се договорите на некој начин.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господа пратеници, Јас вчера изгледа дека не сум го сватил доволно образложениeто на праетседателот на Собранието, бев убеден дека го разбрав вчера. Сите ние што сме тука, заради тоа дојдов и во колизија со мојата пратеничка група дека ништо не се менува доколку се одлага седницата за утре. Ова утре е денес и ако нештата ги гледаме секогаш утре за денес, а за утре, зад утре господа од ВМРО жал ми е што ќе го кажам ова, затоа што сериозноста на нештата ни налагаат нешто многу повеќе и посериозно да дискутираме тука. Јас жалам што господинот премиер на Владата Љубчо Георгиевски не е тука. Тој 19 страници вчера, околу 40 минути ни држи лекција. Јас се обидов да бидам внимателен и сериозен на седницата, па потоа оваа информација со внимание ја читав, повеќе од 100 пати, само што тука не е евидентирано, во стенограмот, она "нели", патетично да го зборува од говорница друго сериозно тука од господинот Љубчо Георгиевски нема. Верувајте не сакам да го навредам, и допрва сакам на таа дискусија сериозно на нештата да се осврнам. Се наметнува и нешто сериозно. Господа 100 дена се оправдуваше, па и година можеби ќе се оправдува, вака како што се поставуваат нештата малку ќе ви биде 100 години.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуан потпретседателе, дами и господа пратеници, Мислам дека се во право пратениците кои што изразуваат едно незадоволство пред се од односот на Владата и владините министри, затоа што не гледам ни еден од тие што вчера се обидуваа да ни држат некои предавања овде. Би било добро и тие да седат овде и да слушнат и ние што имаме да им кажеме, а не да седат по своите кабинети и да гледаат на телевизија што ќе им кажеме ние. Би требало да бидат тука и да се соочат со нас, затоа што имаме сериозни работи со кои што навистина ќе се потрудиме и убеден

сум дека ќе успееме да ги побиеме сите битни тврдења за тоа дека се справувале соодветно со состојбата која што ја доживуваме сите ние овие денови. Затоа јас барам од Вас како претседателство, како луѓе кои што треба да ја организираат работата на Собранието да ги доведете сите тие луѓе на кои што ние сакаме да им се обратиме, па потоа да продолжиме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господинот Амди Бајрам бара збор процедурално.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господа пратеници и потпретседателе,

Токму тоа што господинот Мевљан Таири што го бара, околу тоа сакам процедурално, затоа што барам да бидат присутни сите министри од Владата, до премиерот. Затоа да ја одложиме седницата за 15 до 20 минути, да дадеме пауза, а потоа да продолжиме овде и да дадеме на македонската јавност доволно информација, па ако има проблеми да може да одговори секој министер.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас се согласувам со предлогот.

Давам пауза од 15 минути.

(пауза од 12,00 часот.)

(По паузата седницата започна со работа во 13,35 часот)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Радмила Шеќеринска ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Исто така потпретседателот на Владата на Република Македонија госпоѓата Радмила Кипријанова и министерот за стопанство господинот Жанко Чадо ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Почитувани пратеници, должен сум да Ви дадам едно известување пред да отпочниме со работа. Вие знаете дека на вчерашната седница со мнозинство гласови заклучивме денеска да ни се обрати Претседателот на државата и потоа да продолжиме со работа по Петнаесеттата седница.

Писмото што го добив од Претседателот на државата беше адресирано до мене седницата да ја закажам за 13,00 часот. Во меѓувреме, во текот на синоќешните часови имав неколку контакти со Претседателот на државата и Претседателот на државата господинот Киро Глигоров ме замоли ако е можно да извршам дополнителни консултации со шефовите на пратеничките групи расправата која што се однесува за информацијата за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија да ја привршиме на претпладневната седница, иако имавме закажано Четиринаесеттата седница, како што знаете.

Јас се обидов сабајлево тоа да го направам. Со некои координатори стапив во контакт, со некој по телефон, со други воопшто не стапив во контакт со намера по еден претставник, барем по еден претставник од пратеничките групи да го изнесе ставот на Пратеничката група и ние да завршиме до 13,00 часот за да може да се стекнат услови да ја одржиме Седумнаесеттата седница, односно да говори Претседателот на државата. Со таа намера јас мислев дека денеска и така ќе оди, но имав неодложни обврски, верувајте ми, беше дојдена делегација од Турција на многу високо ниво, која што не можеше претседателот да ја прими, требаше јас да ја примам и не бев во можност да ја отпочнам седницата. Меѓутоа, одлуката е таква како што сте ја донеле и таа треба да се почитува.

Со Претседателот на државата разговарав во меѓувреме Претседателот на државата и понатаму смета дека Седумнаесеттата седница, на која што тој треба да говори и која што е свикана само за негово обраќање пред пратениците ќе ја искористи по исцрпувањето на расправата по информацијата за политичко безбедносната ситуација во Република Македонија. Јас мислам дека таа негова желба треба да се почитува.

Според тоа, ќе ве молам, денеска не зависно од тоа што беше заклучено на Советот за безбедност и разговорите што беа водени јас мислам дека треба да ја почитуваме волјата на Претседателот на државата и денеска треба да водиме расправа *по* Информацијата што ни ја поднесе претседателот на Владата на Република Македонија господинот Љубчо Георгиевски и по точките, а потоа во договор со Претседателот на државата да утврдиме термин кога и него му одговара и да ја одржиме Седумнаесеттата седница на која посебно ќе ни се обрати.

Тоа е договор што го постигнав непосредно пред да дојдам во салата со Претседателот на државата и јас Ве молам тој договор да го почитуваме. Тоа значи ние денеска да водиме расправа, да кажеме се што мислиме, секој се разбира од својот аспект по она што го кажа премиерот во воведното излагање, а потоа јас ќе стапам во контакт со Претседателот на државата и ќе утврдиме термин, време кога му одговара за да се обрати.

Дали може да прифатите едно вакво објаснување од моја страна. Верувајте дека тоа беше со најдобра намера да се исцрпи претходната расправа и да му се даде на посебна седница, како што тоа го утврдува членот 85 став 1 од Уставот на Република Македонија Претседателот на државата да се обрати до пратениците. Тоа го бараше претседателот.

Мислам дека треба да продолжиме со работа, треба да водиме расправа и затоа јас предлагам да продолжиме со претрес по Информацијата за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Прво, морам да го изразам својот револт на начинот на работата и водењето на седницата.

Второ, немојте да не ставате во незгодна ситуација вчера и денеска, а зошто е тоа така размислете и Вие самите.

Ве молам во иднина водете ги седниците како што треба да ги водите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, почитувани членови на Влада на Република Макединоја, почитувано претседателство на Собрание на Република Македонија.

Тешко ми е да го почнам уводот на оваа седница за точката на дневен ред, меѓутоа, ќе се обидма ако не друго барем нештата да се искажат.

За жал премиерот на Република Македонија во салата не е, јас пред малку тоа го реков и од она што барав процедурално тој да биде тука, бидејќи вчера со многу големо внимание го следев неговото излагање, иако не беше напишано, мислев дека ќе биде многу сериозно, се она што го рече мислам дека на секого му е познато од нештата што делуваат во овие десет дена на колокаустот - можам да кажам за тие луѓе што веќе беа истерани од своите домови, бегаа од еден терор, за да маката биде уште поголема во Блаце. Нивните маки уште во тој логор кој не потсеќава на логорите на фашистичките ордии пред педесет години во Втората световна војна. Затоа премиерот требаше да биде тука и требаше да ни одговори за нештата, затоа што тој сам некои работи и во второ продолжение стана петие меѓу другото нема што да каже, туку единствената организација која за право излезе да им даде помош на настраданите во Блаце Ел Хилал, премиерот го најде за сходно нејзе да ја наведе како некоја која што, не само што не била во состојба, туку и некои информации на другите европски организации дава. Единствено што реков тука, цитирам, во оваа Информација, па потоа ќе се надоврзам на она. Морам да кажам дека и покрај тоа што оваа Влада смета дека направи многу за овие бегалци, овој дел вреди останува прашањето на една непопуларна кампања.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Определени меѓународни средства за јавно информирање почнаа да ја прават против нашата земја, каде директното обвинување беше многу конкретно и многу необјективно, заправо необјасниво дека Владата на Република Македонија не дозволува брз премин на граничните премини затоа што била проориентирана просрпски. Тука сака на некој објективен начин да избегава, меѓутоа, впечатокот се добива на терен. Тоа е неминовно, немогуче е тоа, затоа што имавме сцени морничави каде што здравкте се разболеа, болните умираа, деца во кал се раѓаа и калта ги покриваше. Не можеше да биде поинаку да биде сватено тоа. Ако од еден терор тие бегаа, другиот терор ги чекаше. Затоа реков на 19 страници 40 минути лекција што ни држеше, само најсериозното негово беше она нели. Тука во стенограмот не е забележано, како сто пати. Сега онаа нели требаше да докаже која е таа што заправо патетично ја повторуваше премиерот на Владата на Република Македонија господинот Љубчо Георгиевски.

Владата на Република Македонија на чие чело стои господинот Љубчо Георгиевски, мислам дека сноси лична одговорност со што грубо ги навреди оние што беа потиснати од терор, албанскиот

елемент, албанскиот етнос во Република Македонија и тоа од тој поглед на нешата како што јас ги гледав.

Како може Владата на Република Македонија да молчи и да не се занимава воопшто со проблемот на Косово веќе од 1991 година наваму, настаните во Хрватска, во Босна и оваа Влада во овие пет месеци владеење, со проблемот на Косово воопшто да не се занимава. Зошто се молчи и како може толку, поготово Скопје и граѓаните на Република Македонија да заборават тоа што е мака. Пред 36 години 26 јули Скопје беше разурнат. Тие граѓани од непосредна близина Косово под своите черепи имаат донесено леб во Скопје за да им дадат помош на своите сограѓани, а башка и онаа друга физичка сила. Јас тоа сум го доживеал затоа што бев бригадир на "Црвени каранфили", во Скопје, во Скопје бев матурант во времето кога Скопје беше погодено од земјотресот. Се добива впечаток како оваа земја да го загубила чуството на болка спрема другите.

Јас се прашувам дали е можно толку и таков молк да има Владата на Република Македонија, на чие чело стои Љубчо Георгиевски. Исто така и молкот на Собранието, заправо му се нанесе да молчи, на сите 120 пртеници и Претседателството на ова Собрание. Зошто требаше да молчи самиот претседател на Република Македонија, господин Киро Глигоров. Молчи и Македонската академија на науките и уметностите, на чие чело стои господинот Ксенте Богоев. Молчат сите интелектуалци во Република Македонија. Зошто толку да се молчи кога на десетици метри тука и на самат граница луѓето умираат, или пак во непосредна близина на територија Косово се војува и тоа недалеку од главниот град на Република Македонија. Може ли тука некој да ме убеди дека со ова наше молчење, да се направи концентрационен логор во очи на јавноста, неколку километри од главниот град на Република Македонија. Јас сум бил таму и видов ужас. Јас никого тука не можам да го оправдам почнувајќи од претседтелот па до последниот министер односно до последниот ресорен и компетентен орган, така индолентно и немо, не само да гледа туку и да ќути. Дали толку имаме заслужено македонците да се повлечат во себе и ништо да неможе да кажат. Не сум слушнал дека дневниот печат, со неколку исклучоци како што се Дневник и некои други списанија што имаат дадено и нешто сочно за да ја прикажат вистината, поготово за овој холокауст што ни е прикажан овие денови. Зошто се повлекуваме во себе кога таму и се војува, кога таму и се палат куќите, се уништуваат имотите, таму се ограбува богатството на луѓето, таму е жив холокауст. На самиот логор она што го реков, погоре имавме морничави сцени. Каде е солидарноста наша, на нашата клиника, на нашите лекари, етиката на лекарите што седум-осум дена на терен ниту еден жив македонец не беше. Едино кога требаше да се прикажат преку јавноста и медиумите дека некој на македонски јазик прозборел и дека еве и македонците се тука присутни. Значи неможевме да им пружиме помош на луѓе изнемоштени. Затоа да молчат академците, ителектуалците, политичарите, ресорните министерства и одговорните министерства за едно така грубо кршење на моралот на човекот и дигнитетот и така лесно тао да се оправдува и да се гази преку тоа, јас неможам да се убедам дека едно такво нешто во непосредна близина е, недај боже и овде да ни се случи. Како ќе можеме себеси да се оправдуваме ако не сме еден поред друг: македонец, албанец, турчин, ром и било кој да е и помошта во одредено време и одреден момент да ја даваме, да скинеме од себе и да го спасиме бидејќи во прашање е човек, во прашање е хуманитарна помош. Јас од ова што видов не сакам да бидем убеден дека јазот на одвојувае меѓу нас овде гледам дека од ден на ден се шири. Јас жалам што ние конкретно и во конкретни ситуации не покажуваме смелост за мобилност и згрижување. Јас знам од онаа народна поговорка што дека на мака се познаваат јунаци да им се пружи помош и тоа едно што го имаме да го делиме. Јас неможев да се согласам со она со она што го цитирав на петтата страница што има премиерот смелост да го кажува и одговорно да настапува дека Ел Хилал некои работи му ги пореметува. Му поставувам прашање зошто Бунец не се отвори, зошто и другите прифатилишта како што беше Бунец, Катланово и ова друго село што беше не се отвори кога Владата на Република Македонија го отвори за босанците, а тие и ден денес се празни. Тогаш значи бевме во состојба прифатилиштата да ги отвориме, а денес кога станува збор за албанците тие можат само да бидат закатанчени. Не можам навистина да бидам убеден дека тука во оваа информација има нешто така сериозно и нешто што може да се види дека Владата имала нешто дење и ноќе нешто организирано. Зошто конкретно македонската јавност, македонските интелектуалци и инстуциите на системот сите организми на државата да се сложуваат со

полициските и воените дејствија во непосредна близина кон тоа што се кажува становништво.Често пати, за Косово станува збор сме имале смелост да го дигаме гласот за едно такво нечовечко однесување и во Индија и во Тунгузија и незнам каде сме дигале глас како интелектуалци и сме биле против една таква агресија само за тоа да го браниме човештвото било и каде да е тоа, во кој дел на светот.

Поставувам прашање, дали за Македонија како држава, како народ овде како за сите што се кажува во оваа заедница и едни и други албанци, македонци и другите како системи и институции, Косово има право да биде слободно. И тој народ да има своја држава, а зошто Македонија и ресорните министерства поготово она за надворешни работи, Владата на Република Македонија да нема одговор по ова прашање. Тука не се однесува само за денешната Влада, туку сите осум години од кризата што во Југославија веќе се разгоруваше. Јас очекував позитивен исход на македонските интелектуалци, на македонските институции и на македонската јавност на ова и позитивно да се изјаснува. Зошто често пати го цитираме дека тоа нешто не го дозволува Европа. Изјавите на многумина наши раководители досега, тоа не го дозволува Европската унија која по вас е против менување на граници а не сме свесни дека таа Европска унија беше што го спонзорираше холокаустот во Хрватска, во Босна, во Косово и можеби и таа иста Европска унија има намера да спонзорира и нешто друго, што еве не сум свесен да кажувам што може да не очекува. Јас не мислам дека така само поради тоа што баш таа Европа ни исценира делови од ова што веќе ни се случува. Во сите земји од Источна Европа, во сите места во транзицијата како во бивша Југославија,во Русија и таму негде кај што ќе има интерес. Не држи ставот дека таа тоа го нејќе. Европската унија тоа ќе го направи господа, и тоа за нас на еден начин неџентлеменски, затоа што таа има интерес тоа да го направи. И ќе го направи конкретно и за Косово како што го направи, како што го направи за Република Македонија 1991 година. Како што го направи за Република Босна 1991 година, за Словенија, за Хрватска и за сите други земји кои веќе од тие империјални владини, беа на мета на такви пропаѓања. Само кај нас е нешто друго, што по секоја цена ние сакаме да ја балканизираме Европа, а не Европа да ни доаѓа на Балканот. Тука се оние погледи и нештата што се во спротивност со погледите на оние напредни снаги и сили. Без оглед во прагот на 21-иот век не смееме да толерираме масовното газење на човечките права во непосредна близина на главниот град на Република Македонија. Дигање на гласот можеби досега каснело без некоја причина и оправдување. Ова нам ни следува како интелектуалци, како политичари, како Влада на Република Македонија и како соодветни министерства и ресорни органи во системот и институциите. Ако не друго тоа пред се треба да го направиме ради човечноста и хуманоста. Тој е наш долг спрема човештвото кога таму секој ден се гладува, на сите страни крвави детски трупови, измасакрирани трупови и на едната и на другата страна ужас во разни варијанти. Тоа е дело на фашизам. Тие методи се на фашизмот и нацизмот, а некои од господата во Република Македонија не знаат дека на нацизмот му е речено не, и дека Република Македонија пред 50 години на фашизмот му рече не. Со тоа не, заправо Република Македонија го даде пред 10 години својот дел против фашизмот. Зошто денес се молчи. Вие сте во право, можеби, кога мислите дека е така, и кога е така постапувате. Фашизмот значи по некој уште не е поразен и дека фашизмот ни чука на врата и може на одреден начин и да се толерира. Со едно такво постапување значи дека тој фашизам постои и дека тој не е поразен. Тој ни делува, за жал, во непосредна близина и на самата граница на Република Македонија и добивам впечаток кога се молчи како да се тоа одобрува. Вие во тој дел не реагирате на време. Доколку не е така а сакам да не биде така докажете го обратното и тоа со примери. Јас имам доста примери и некој ќе ги потсетам.

Албанците во Република Македонија, минатата година, двете партии организираа митинг и протестираа против масакрите на Косово, на плоштадот. За жал ниеден македонец не ни се приближи, не беше да делува заедно со нас, туку напротив во некои делови на кошот од плоштадот беа организирани рекетари и што не друго, а таквите настани после информативните куќи дадоа за некои екцеси.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

За жал, тука беа со нас само полицајците кои требаа да го одржуваат редот и мирот. Оваа година исто така двете партии на Албанците Партија за демократски просперитет, Партија ДПА заправо на Албанците, Форумот на жените организира протест против се ова што се случува на Косово, за жал ниту

Организацијата на жените Македонки, ниту една политичка партија македонска, ниту поединец, ниту еден интелектуалец не ни се придружи. И за жал, никој не стана да го дигне гласот против таквиот терор и против таквото угнетување во непосредна близина на РМ. За жал од ниту еден Македонец не бевме подржани и од ниту една политичка партија на Република Македонија не бевме подржани. Никој јавно досега не ги осудувал националистичките постапки на Србите на Косово. За жал јас не гледам шанси за отрезнување. Зошто концентрационен логор за бегалците на самата граница. Од кого сакавме ние нив да ги штитиме? Или пак кампот во Блаце беше направен само со цел до колена во кал, за да се зголеми уште повеќе нивната мака. Јас истото сакам да го демантирам од вас. Бев таму, 7 - 8 дена под ведро небо, луѓето беа на тоа место. Само за еден час и 40 минути што бев лично таму 13 луѓе беа на граничниот премин пуштени. Па можете да викате и да ме исмеете. Значи, со таа брзина и динамика ние ги прифативме. Има и нешто многу пострашно. Само несакам тоа да го кажам пред јавноста. Затоа, сеуште кај мене ако не друго чувство на моралот има, не е толку тенка. Таму се гасеше моралот и тоа како тие да се на сточен пазар, како да се добиток. Зошто Владата не даде објаснување ниту ресорните министерств,а па ниту Собранието на РМ кога неоправдасно го одлагаше поднесеното барање од Партијата за демократски просперитет на дневен ред да се стави Резолуцијата за Косово уште пред 2 месеца и повеќе. Зошто толку се одлагаше неоправдано и уште, треба ли на ова и да се молчи? Еве 2 недели пак имавме продолжување на самата седницас. И вчера за истото што требаше да расправаме пак се сакаше да се добие во време за 24 часа. Господа, пратеници, 24 часа воопшто не ја менуваат логиката и нашето однесување, па и 10 други дена да ни се стават на располагање. Грешката е во концепциите, грешката е во моралот, грешките се во однесувањето. Исто така молчењето е проблем на моралот, а некои господа од ДПА, од албанските партии сакаа и она што беше хумано да се побара дека ние во оваа ситуација сакаме да правиме маркетинг. Ако беше така господа, дека сакавме и пред 2 месеца што насетивме дека една таква бежанија ќе биде, денеска сигурно нема да правиме маркетинг, туку се соочуваме со стварноста. Затоа, внимавајте на говорница кога ќе го давате мислењето и зборот. Не секогаш сакаме да направиме маркетинг. И ако тоа го користиме во овие ситуации и состојби, нека ни биде срам, било кој тоа да го поднесе. Затоа господа пратеници, од Демократска партија на Албанците на чие чело стои господинот Џафери, ќе не обвинуваат дури за тоа дека Партијата за демократски просперитет и ние сакаме тој дел да го користиме за маркетинг, не може да биде друго, туку чиста брука. Во овој момент не сакам да ве обвинувам, дадовте се од себе, меѓутоа, касно. Ако некои работи ги гледавте денеска за утре, јас сум сигурен дека доколку вака се однесувате и некои нешта од утре за задутре да ги оставате да ги гледате, не бе можеме што се вели да бидеме сигурни и во оваа што се кажува оаза на мирот, и дали на крај конечно се убедивте дека не ни беше маркетинг. Господо пратеници, јас тоа го реков, несакам да го повторувам, на Блаце децата се раѓаа во кал и калта ги покриваше.

Не држи ставот на политичката јавност во РМ и на македонските медиуми да се определат за молк. Не зборувам дека тоа било нечија облигација да навива за некого, да навива за некое политичко решенеи за Косово, туку од тоа требаше да се направи поради хуманитарната трагедија на Косово и на самата наша граница. Тоа нам не обврзува да го дигнеме гласот како луѓе, пред се како интелектуалци и како институции на системот против насилно протерани граѓани од своите огништа, тие од терор бегале, зошто теророт да им се наметне во РМ плус. 10 дена и 5 дена да им се продолжат маките на некои, повеќе отколку садизам е. Излезете на говорница и сакам да ме демантжрате. Јас сум готов да реплицирам за секој случај. Тие бегале од терор, а теророт им се наметна. Јас сум потресен од изјавите на поединци во Владата на РМ, и не само од редовите на македонскиот блок, туку и од редовите на Албанците кои подлегнаа на инструкциите добиени од официјалната политика и да се дискутира за ете, дојдени од Косово и привремено сместување на нив и сл. и не за нивниот статус како бегалци и статусот на Косово. Македонија и Македонците и нејзините институции идниот статус на Косово слободна и држава не смеат да го поврзуваат со невиден страв. Наспротив, Косово република е во нејзин интерес и перспектива на РМ, затоа што во нејзиното опкружување од двете страни се Албанците кои еве, и денеска ви се во коалиција и сограгани на РМ. Зошто таков страв? Позлобен и потрагичен од стравот и стравот на официјалната политика е и ставот на интелектуалците на РМ, исто толку е и

молкот на обичните граѓани во оваа земја. Зошто воопшто не ги чувствуваат болките околу тоа што се случува и како треба да се смалат тие маки. Дали ова е егоизам или типично повлекување во себе? Цинизмот на официјалната власт не може да се оправдува, но ние воедно и неможеме да го разбереме, не само интелектуалците што молчат, не само информативните куќи што даваат суви и некои штури информации освен поединци што етиката и моралот на информирање е на ниво. Доколку вака се зборува низ чаршијата, Владата нема никаков став досега за Косово. Нешто не е во ред со нас. Колку што ни бега времето, толку повеќе се плашам од тоталниот оптимизам. Се плашам од вашата игнорација и дигањето на рацете од сешто и се предавате. Со тоа жалам што некои меѓу нас и Албанци вербални радикалисти го правеа своевремено тоа. А сега, од комодитет на "мишја рупа" нештата ги гледаат од тој агол и нешто можеби пошироко сонуваат. Зошто Скопје не се плаши од војната и српската гресија на својата граница, а се плаши од стабилно Косово, односно Косово држава, односно Косово република. Ова повеќе не го признаваме, односно оправдуваме на српската окупација на тој дел. Очекував дека интелектуалците во РМ да ги разберат конкретно Албанците и да ја оправдаат нивната борба за ослободување. Уверен сум и ве разбирам повод што не го признавате тој дел и не го сфаќате и само ако не е друго, туку политичката олигархија што е дојдена на власт и по секоја цена да остане на власт. Не држи ставот и стравот од тој дел од независно Косово и дека наводно ќе води кон едно обединување на делови на Црна Гора, од делови од Македонија и делови од Црна Гора и дека наводно Албанците се за една Велика Албанија. Истото тоа го зборуваат и некои босански кругови. Исто така и тоа го велат некои кругови во Црна Гора и истото го потенцираат. Дали во тоа не гледате дека таа е дел и на самата српска политика. Ви се наметнува и тоа вешто да имате страв и став спрема косовското прашање. Владата на РМ ја призна Република Тајван, што по мене направи добро, но не толку од голем интерес за РМ што го реков малку погоре и за нејзината перспектива.За Македонија е поголем интересот да го признае Косово бидејќи со тоа добива еден голем пријател во своето опкружување, Албанците. Не го разбирам ставот и стравот односно да се преправате дека постои страв од независно Косово што го повторуваат секаде сите покрај Македонија и другите бивши ЈУ републики. И кога само едно исто се повторува навистина е претеризам. Воедно со тоа не обезбедувате еднаков дом на сите косовски граѓани. Јас сум оптимист, но не и наивен. Свесен сум дека и натаму има проблеми, дека тензиите меѓуетнички сеуште постојат и дека некои спорадични исти можат во секој момент да се развијат во нешто посериозно. Макадонија и македонците, а тука и Албанците, сакам да ја остават таа практика на однесуваше заради тоа што таа практика е балканска. Со таквото однесување мракот е неизбежен. Зошто владите и режимите во една земја не го одредуваат животот, туку секојдневното однеусвање на луѓето. А дали се свесни за тоа? Секојденвното однесување на луѓето тоа го одредува животот, а не законот и Владата. А ние го потценуваме тоа. Ние треба да ја делиме болката заедно со страдалниците и секое добро и секое лошо, заедно. Република Македонија, Министерството за надворешни работи при Владата на РМ можно ли е цели 8 години од почетокот на кризата на Југославија да молчи Собранието на РМ да молчи, претседателот на РМ да молчи и да нема никаква стратегија конкретно за ова што ни се случува во непосредна близина. Во тој однос каде се сите овие цитирани институции, каде се Владата на РМ и ресорните министерства? Македонија може да придонесе многу и тоа за правилна разврска за проблемот и тоа во поширок смисол на регионот. Не се сложувам дека единствено што проговори претседателот на РМ г-динот Киро Глигоров е коридорот, за она што пред две години рече дека ќе претстои една бежанија и тоа голема. Значи, не се сложувам дека коридорот за етничко чистење на Косово да биде ваш врвен дострел како активен политички чин и држава на Балканот од непосредното соседство. Друга форма како не била што се вели, на маса и да се дискутира. Ние и за многу нешта дискутиравме и грчевито се бориме дека РМ да не се користи за било кој напад врз друга соседна земја, а заборавме дека имаме поднесено во НАТО Алијансата и во Европската унија да бидеме членки, редовни членки. Дали сме толку наивни, сакаме во тие институции да влегуваме, а да не добиваме никакви обврски. По мене тоа е една илузија.

Кај албанската јавност, кај албанските интелектуалци од ова се што го правите добиваме впечаток дека вие ги жртвувате сопствените интереси, а штитите некаков наводно српски интерес во РМ. Јас несакам да бидам убеден, но сепак Македонија и Македонците не смеат да се

плашат и зошто се НАТО трупите во РМ, ние сме ги повикале, но во конкретниов случај од кого тие треба да не штитат нас, од каде заправо наидува опасноста што тие НАТО сили треба да не штитат нас. Од Грција немаме проблеми, со Бугарија немаме проблеми, со Албанците немаме проблеми, туку со северниот сосед за жал со режимот на Слободан Милошевиќ.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Нам ни е јасно, ние Албанците како народ сме во голем ризик, народ незаштитен дури и тешко погодени во овие моменти. А, сигурен сум дека меѓу Вас има луѓе кои сакаат оваа болка и трагедија да ја поделат со нас. Затоа, тргнете се од она што беше и некое време принципиелн акоалиција, наводно, во таа бивша Југославија. Дека, наводно, непринципиелна коалиција добила.

Ние треба да настојуваме на принципиелност и просперитет за сите нас. И, плус тоа, неможам да се согласам со Вас и со јавноста во Македонија дека тероризмот е таму и од тероризмот треба да се браниме. Не е можно, поради тоа што минситерот, г. Никола Кљусев проговорил во јавноста и пред медиумите "некоја таканаречена ОВК", дека "група теротисти таму" и ти што го поставуваш тоа прашање, му се обратил на новинарот, сум во состојба да те апсам. Фала, господине. Така преку медиумите ние го слушавме. Знам дека естетика овде на говорница нема, но Вие тоа го рековте. Жалам, но заборавате дека во составот на АРМ имате не занемарлив број на регрути во Република Македонија немакедонци. не сакам да навредувам, туку некој нешта сака да заборави.

Ако ништо друго, проновирањето на таквата разлика утре, неминовно ќе важи и за Вас и за вашите проблеми со сите други соседи. А на балканот е тешко да се најде, во непосредно време и непсоредна близина мир. А, ние и во овие моменти треба да се најдеме на окуп, а не по јазик и по вера да се разликуваме. Јас имам смелост тоа да го кажувам овде. Знам дека со истите утре пак ќе се соочиме и ќе иамме остри расправии. За жал, г. министре за народна одбрана Никола Кљусев и академик дури , јас на неговото однесување и некои слични , го прават имиџот на Македонија, дека македонците заправо се само сојузници, чистачи на српската политика. Јас не сакам така да бидам уверен и не сум уверен, но некои такви, можеби неконтролирани однесувања се доаѓа до впечаток дека таков е ставот и на официјалната политика и на официјалната власт. Бидејки тоа е многу, многу деликатно што се кажува од министерството. По мене овој парламент треба да размислува и натаму за негово останување во тоа ресорно министерство. Имам смелост да го кажам, а можеби ќе ми дозволи да каже дека фала што ова ми го кажа јавно.

Јас, навистина неможам да го разберам. Не гледате воопшто во нашето опкружување дека таа војна, од една обична играчка во почетокот изразна во Хрватска, и во Босна, сега на Косово, војна и тоа крајот и последиците нивни ние не само што допрва ги чувствуваме тука, туку е тешко да се излекуваат во недогледно време.

Јас мислам дека тука, повторно ќе го кажам, тоа го прават поединците, политички олигархии што целта им е само власта и по секоја цена да се задржат на власт. Сакам исто така да потенцирам и тоа дека, за жал, на политичка сцена дојдоа таквите и меѓу Македонците и меѓу Албанците. За жал, тие групирани елити ништо друго не ги обединува туку само власта и по секоја цена власта.

Пред се, како со можност се остварува единствен интерес, личен интерес и ситни свои блиски интереси. Таквиот сојуз околу власта не познава идеологија, ниту етнички разлики. Актерите на таквите заговори против прогресот и виталните интереси на соседните народи и на своите народи внатре значат дека токму целта ќе ја имаат и ќе ја постигнат а нивната цел ќе ги оправда. Јас можам тоа искрено да го кажам, единствено велепредавство, ако тоа, се разбира, успешно го остваруваат.

Дами и господа пратеници, почитувани министри, Некои работи од играчка и орудие за консолидација на власта стана опасно жариште, војна и поради ваша целосна дезиориентација. Вие, сеуште на некои проблеми приоѓате со минато, вековните империални интереси и методи. Тешко од Вас да се очекува дека во сегашната фаза на вашето прегрупираше да има сили за ревизија на односот кон Албанците и проблемот воопшто во регионот.

Тој проблем е предизвикан, пред се, од српскиот политички врв, од српската елита, од новата српска олигархија да дојде на власт и по секоја цена да се одржи на власт. Покрај неа, се разбира и од сличната потреба на елитите, олигархиите во соседните бивши Југословенски републики, па некои такви олигархии и во Република Македонија за жал дојдоа и целта им е само власта. Очигледно е дека таа војна во

регионот сега најмалку одговара на српскиот политички врв, на српската политичка олигархија и играњето со оган на срспката страна веќе е дојдено до таму што албанците ги снајде ова што веќе се гледа во холокаусот.

Македонија беше сојузник на необјавената војна на Србија против Хрватска, Босна па и денес на одреден начин на Косово.

Ако е така и сето тоа искажано е можно, а сум убеден дека е така, а врз основа на тоа што Македонија молчи, ја оправдува воената агресија како единствено решение на Косовскиот проблем затоа што можно ли е 8 години од кризата на бивша Југославија Македонија да нема друга стратегија за Косово освен коридорот, а потоа молк. Друго нема. Мене не ми е познато дека има. Македонците и србите, порано, во дамнешното и мрачно минато, мислам политичките олигархии беа во една држава, а по сломот на таа комунистичка диктатура,која исто така овие олигархии совршено ја практикуваа, конечно се разидовме, секако со малку џентлменски стил.

Ова го кажувам и не може поинаку да се разбере ако во Република Македонија, заправо од тој воен пожар и таа војна што во Косово, во Босна и Хрватска на еден одреден начин се спасивме, друга и ничија улога не беше туку само одговорноста и самопрегореноста на претседателот Киро Глигоров.

Сега не би навлегувал во историјата и во во типологијата на двата народи затоа што секогаш едно исто и секое едно исто во дадени ситуации ни се случува.

И на крајот, партијата за демократски просперитет ги предвидување овие настани и истото ние го предвидовме и јавно информиравме и нагласивме дека доколку се преземат итни мерки за сместување на бегалци на граничниот премин, можеби и хуманитарната катастраофа, за жал и таа трагедија ќе можеше и да се спречи. А таа ни се случи. На сите гранични премини на Република Македонија со Косово состојбата беше и алармантна. Десетици илјади албанци чекаа и тоа по неколку денови за сместување. Дури би рекол состојбата беше хаотична со бегалците. Каков камп, полош од концентрационите логори, без покрив над глава, под отворено небо, на дожд и студ, без елементарни санитарно-хигиенски услови, опколени со големи сили на Македонската полиција и војска се држеа опколени десет дена повеќе од 80 илијади граѓани избркани со сила од своите домови.

И на крајот, каква разлика имаат овие умирања и овие убиства што на самиот камп умираа од убиствата на Милошевиќ? Зошто немаше присуство на лекари од здравствените домови на Република Македонија и кој ја сноси таа одговорност? Каде е лекарската етика и Хипократовата заклетва? Зошто не се отвораа камповите каде беа сместени бегалците: Катланово, Бунец, Чичино Село и други и кој треба таа одговорнсот да ја сноси? Зошто се попречуваше активноста на хуманитарните организации што се организираа, што е за секоја почит и кој сноси одговорност за ова зошто бегалците не можеа да се сместуваат преку Гостивар во другите градови и кој за тоа треба да сноси одговрност, во Кичево, во Струга, во Охрид и на други места? И, зошто во неделава херметички беше затворен граничниот појас и за некои вакви други и слични прашања допрва некој треба да одговори?

Во овие трагични и стравични моменти се поставуваат и многу други прашања, дилеми. Зошто соседните министерства во овие моменти не ги извршуваа задачите, согласно со Меѓународните конвенции и моралот на хуманоста? Зошто се дозволува бегалците од Косово да умираат и да раѓаат со последици во родилиште "Отворено небо"? И, тоа, бегај-ки од тероризмот во земјава каде што бараат спас? Зошто службените лекари на државата не се ангажираат за заштита на нивното здравје и живот во овоие денови? Како може да се дозволува оваа обврска да им биде допуштена само на приватните лекари и некои од странство? Дали лекарската етика на лекарите од Република Македонија и на соодветното министерство? како е можно официјални лица на Министерството за внатрешни работи со толкава индолентност и игнорирање да се однесуваат спрема бегалците од Косово да се тортурираат од поединци и да се малтретираат токму оние кои бегаат од српскиот терор. Нема сомневање дека за сите овие прашања и дилеми одговорни се политичките партии и власта, без исклучок.

Албанците во Република Македонија се за стабилност на РМ, но не и по секоја цена да е молчи. И по цената и судбината на човечките животи. Вакви и слични прашања има доста. Благодарам што бевте внимателни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, му благодарам на г. пратеник Сејфедин Харуни.

Збор побара господинот пратеник Стојковски Благоја.

Се извинувам, г. Стојковски реплика побара господинот пратеник Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Ќе истапам малку процедурално, иако малку со задоцнување, но сепак не можеме да се смириме ние како пратеничка група со тоа што вчера и денеска се случува во овој Парламент. Бидејки ние, како парламентарно мнозинство вчера многу добро јасно и гласно гласавме дека денеска во 13 часот требаше да продолжи оваа седница, се разбира, после излагањето на претседателот на Републиката, дефакто и претседателот на Советот за безбедност.

Тоа право нам, како парламентарно мнозинство денеска ни се одзима. Кој ја носи таа одговорност? Се разбира претседателот на ова Собрание.

Поради сето тоа ние баравме дополнителни информации од претседателот на државата, од претседателот на Советот за безбедност кој би рекол и така е, е еден од најодговорните за сето ова што денеска и во овие денови се случува и се случувало во Блаце, Блато, да речам вака и на другите погранични премини.

Затоа, стоиме на тоа, како пратеничка група, после излагањето на претседателот на Републиката што се разбира нема да влијае во нашата расправа, по излагањето и на претседателот на Владата, ние,како пратеничка група, во нејзино име ќе ја напуштиме оваа расправа и нема да учествуваме во оваа расправа и на оваа седница.

А со оние кои денеска леат "крокодилски солзи" кои се "многу одговорни" за да дојде до ваква ситуација и со старите УДБ-аши ќе се справиме по решавањето на овој проблем.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот г. Лога Алириза.

Господинот Пауновски бара деловнички.

Јас имам запишано кој ќе зборува.

На ред е Благој Стојковски Исмет Рамадани, Амди Бајрам и т.н.

Има збор господинот Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Очигледно се смени текот на работата на Парламентот денеска. Еднаш посочив дека Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ не би сакала да се занимава со дешифрирање, бидејки во сето ова има едни, веќе видливи сценарија за пролонгирања, за изместувања на текот на работата на Парламентот, меѓутоа на крајот мора нешто да проговориме заради тоа поотворено и да кажам зошто побарав деловнички да добијам збор.

Според почнувањето на вчерашната седница, претседателот на Парламентот соопшти дека на таа седница Информација за состојбите што се случува во овие 15 дена ќе дадат пред Парламентот премиерот и претседателот на државата.

И сега, и покрај сето трпение и прифаќањето на тоа, останува нејасно зошто во еден момент претседателот на државата прифаќа да учествува во работата на парламентот, во рамки на точка на дневен ред да учествува, а после тоа како се одвиваше текот на вчерашната седница го смени своето мислење и побара специјална седница.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:** (продолжение)

Од тие причини ние сепак се обидовме да имаме разбирање, да не го ставиме на дневен ред угледот на претседателот на државата, добиваме вакви игри во текот на денешниот ден. Мислам сега работите стануваат премногу очигледни, бидејќи вчерашното соопштение на овој Парламент беше дека ќе поднесат информација на заедничка седница на иста точка од дневен ред. Од кои мотиви потоа претседателот на државата веднаш бара да има посебна седница. Видете, работите се премногу очигледни и во интерес на државата и во интерес на стабилноста на Македонија ние се обидовме до овој момент да не го отвориме ова прашњае на ваков начин.Мислам дека е подобро ова прашање до тука само да го отвориме, бидејќи навистина е непријатно, станува збор за функција претседател на држава инаку можеме да го отвориме и понатаму и врз основа на факти и врз основа на претпоставки и логично размислување. Значи, некои нешта се многу јасни.

Втората работа, веќе беа изнесени некои размислувања за продолжување на уште поголем холокауст

во Македонија, нешто што се случувало цели девет години за што оваа Влада требало да размислува, а нели само до пред три ипол месеци или четири тие 9 години или 6 ипол добри години се знае кој ги носеше и зошто не пристапил кон разгледувањето на ова што сега се случи да направи подготовка. Значи, немојте да бидете до крај нелогични, нешто што тврдите дека се случува девет години со најизострен карактер, нешто во што шестипол години ја носев-те власта и одговорноста сега ја лоцирате за сите 9 години во овие три месеци од функционирњето на оваа Влада. Значи, барем немојте да бидете нелогични пред оваа јавност зошто од ваква ситуација да правиме невкусен, тоа е најблагиот збор, невкусен политички маркетинг.

Ако сакате тогаш и таа тема да ја отвориме до крај и да видиме што и на кои позиции кој каде бил, што работел во подгоотовката да се справиме со едни вакви состојби кои ја зафатија и Македонија.

Трета работа, од причини што пратеничката група ДПА

соопшти дека не се согласува со неприфакањето на ставот и она што беше вчера изгласано за текот на работата на Парламентот во текопт на денешниот ден, нарушена е таа раобта, ја напушти седницата и од тие причини Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ бара пауза.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Половина час пауза за Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ.

(Седницата прекина со работа во 14,45 часот). По паузата.

(Седницата продолжо со работа во 16,05 часот.)

Дами и господа пратеници, да продолжиме со работа.

Јас би направил еден исклучок односно со оглед на тоа дека денеска е Денот на Ромите 8 април, ја користам можнсота да им го честитам Денот на Ромите и да му дадам предност на единствниеот Ром меѓу нас пратениците господинот Амди Бајрам да земе збор пред другите двајца .

Повелете господине Бајрам. (аплауз)

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, почитувани министри, денеска сите знаете дека е 8 април Светски Ден на Ромите, па во името на ромите од целиот свет им го честитам Денот 8 април Светски ден на ромите, а посебно на Ромите во Република Македонија и упатувам апел од сите роми од целиот Свет, посебно од Република Македонија за мир, да прекине војната во СР Југославија да нема бомбадирање, за едне добар мир.

Дали претседателот ми даде збор само по повод 8 април, или можам да продолжам со дискусиајта?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не, збор Ви дадов да говорите.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Благодарам.

Почитувани дами и господа, почитуван претседател на Собранието, почитувнаи членови на Владата целиот свет е длабоко загрижен и разочаран за воениот конфлит кој се одвива на територијата на СРЈ, а посебно ромите од РМ како сите граѓани исто така многу се загрижени каков епилог ќе добијат сите овие воени дејствија и последиците од него.

Почитувааи дами и господа, не сакам да бидам погрешно сватен, не сум на ниедна страна од конфликтот, најмалку не разбран од граѓаните на Република Македонија. Нагласувам, бидјеки состојбите за кои се зборува се од таква природа што треба ова Собрание да биде запознаено истовремено да ги земе во предвид воените конфликти кога настанаа на граничниот премин Табановце, граничниот премин Блаце и другите гранични премини.

Почутвани пратеници и граѓани на Република Македонија. Сакам со ова цела Македонија да свати и македонскта јавност, се обраќам до сите, сите да знаете затоа што изборната единица број 85, ако не сте знаеле досега, сега треба да знаете дека сите бегалци што дојдоа на граничниот премин Блаце, тоа е моја изборна единца број 85, тоа се Шуто Оризари, Горно Оризари, Чучер-Сандево и Блаце. Значи, граничниот премин Блаце е во мојата изборна единица и јас сум пратеник од таа изборна единица.

Со ова сакам да ви укажам и да ви кажам сите да знаете дека будно ја следев целага ситуација што се случи до пред 24 часа. Сите можат се и сешто да говорат овде, секој може се и сешто да каже овде во Парламентот, но јас ќе ви ја кажам правата ситуација што се случи на граничниот премин Блаце, а на другите гранични премини не сум бил. Најголемата гужва што настана никој од нас не е виновен, никој од нашата Влада, никој од нашите партии не е виновен ни претседателот на државата, ни премиерот,

затоа што се случија овие настани во нашето соседство.

Сетете се добро дека јас пред месец дена излегов на говорницата и ви кажав околу оваа точка што е денеска на дневен ред и за која разговараме.

На грнаичните премини се кажуваа разни бројки. Прво, на 31 март имаше неправилности. Јас бев лично присутен таму кога беше минситерот Павле Трајанов, го виодв минситерот тука во ресторанот кој ќе потврди дека сум бил лично таму, се видовме, на 31 март 1999 година првиот конвој кој отиде за Гостивар со 10 автобуси меѓу нив се наоѓаа 85 Роми. Лично на граница ми се јавија од Службата на 92 полиција, ме известија дека таму се примени сите бегалци, но само 85 Роми се оставени на милост и немилост. Тоа е повод што сите ние политички партии, сите здруженија и сите невладини организации се организиравме околу тоа и направивме одбор да ја следиме целата ситуација.

Во тој момент од Службата 92 бев известен дека само роми се

вратени од Гостивар и ги носат во Гаражата на Градски сообраќај во Автокоманда. Од граничниот премин Блаце се упатив кон Автокоманда во Гаражата на Градски сообраќај, ова сакам да го знае цела македонска јавност, без разлика кој е и што е, не делам луѓе по националност, не ги делам по вера, но ако третираме нешто треба да го третираме најнормално како секој граѓанин, како секој бегалец. Има разни национланости не се само Албанци, има Роми, можеби има и Срби, Турци дојдени во таа толпа, ова сакам да го знаат сите и што се случи таму.

Ке ви ја кажам целата ситуација на граничниот премин Блаце што било и како било. Ви гарантирам дека никој во државата не може да ви го каже тоа. Нонстоп сум ја следел работата таму. Треба да сватите дека е моја изборна единица, знаев дека ќе дојдеме на оваа точка и еве сега ви ги кажувам неправилностите, а ќе ви ги кажам и правилнсотите и се ќе ви кажам.

На 31 март во Автокоманда во 0,3 часот стигна еден автобус во Гаражата во кој се нашол некој од ромите кој имал фамилија во Горче и Сарај, прашал каде е тоа за да појдат таму. Благодарение на возачот од градски сообраќај ги однел во Горче и Сарај, примени се од фамилии роми каде се сместени 50 души. Другите 35 ги најдов исто во Автокоманда во еден автобус на Градски сообраќај, можат тоа да ви го потврдат возачите на Градски сообраќај, можете да побарате информација од 92, луѓето плачеа, жени, деца не знаеа каде да одат. Беа многу уплашени. Јас им се претставив дека сум пратеник во Собранието на РМ од ромска припадност, зборував ромски со нив и со истиот возач се упатив во населбата Шуто Оризари. Сакав да ги извадам од автобус и да ги сместам по куќи, беше 0,3 часот кога стасавме, јас бев сам можете да ме сватите во кавка ситуација се најдов во тој момент плус како пратеник од ромска приапдност. Толку беа уплашени тие Роми што не веруваа дека сум пратеник од ромска припадност. Ромски зборував, но не веруваа во мене. Меѓу нив имаше кои имале фамилија во с.Идризова, го замолија возачот од Градски сообраќај да вози за Идризово. Тие 35 Роми ги сместивме, (реакција од пратаениците) некој можел два часа да зборува, па можете и мене да ме сослушате. Мислам дека зборувам во интерес на Република Макеоднија и за нашите грагани. Ги сместивме тие 35 роми во с.Идризово кај роми и од тој ден ги свикав сите политички партии, здруженија и хуманитарни организации кај мене во Кабинетот во Собранието на РМ. Во истиот момент формиравме Одбор утредента имаше Прес конференција околу тоа, се организиравме и на 2 Април отидовме на граничниот премин Блаце со цела делегација влеговме меѓу граѓаните, бегалци од Косово, таму имаше и роми и други националности. Сакам да ви укажам на нешто што многу ме заболе. Имам видео касета, па доколку сакате можеме да седнеме и сите пратеници, министри да ја гледаме. Со БТР Телевизија влегов внатре каде беа бегалците барав дали има навистина Роми. Кога видов што е и како е, тоа беше една голема гужва.

Господа пратеници, треба сите да сватиме дека дојде голем бран кој не го очекувавме, во Македонија очекувавме 20.000 бегалци, но ни дојдоа петтоструко и шесттоструко од очекуваното. Во тој моемнт секаде поминав, сум газел во кал, тоа може да ви го потврди Македонскиот Црвен крст, Полицијата, Армијата и да ви даде информација колку Амди Бајрам бил таму присутен на граничниот премин Блаце.

Со целата Делегација на Роми баравме дали има присутни Роми. Не се работи само за Албанци, се работи за разни националности дека биле присутни, најдовме Роми, јас лично говорев Ромски и ги прашав каква е ситуацијата на Косово и

зошто избегавте од таму. Одговорија како сите бегаа, така и ние. Во истиот момент од сите роми се изјаснуваате молиме немој ромски да зборуваш. Прашав зошто, во што е работата, кажете ми што се случува, им реков јас сум Ром, претставник сум на Ромите во Македонија, дојдов заради вас со оваа делегација. Велат доколку, јас морам ова да го кажам затоа што ме боли господа, болно е кој може да го осети, видете на 8 април светски ден на Ромите што зборувам. Јас сум плачел и сите со мене што беа, од тој ден на мојот син сум му рекол кога седна да руча, синко ти овде ручаш но дали таму некој јал или не. На ромите им се заканиле кој меѓу 120.000 бегалци кои дошле од Косово има 8.000 роми да знаете господа пратеници. Бројката може да се добие преку НАТО и други. Сите знаете дека Македонија се наоѓа во економска криза и пред да сетане ова знаевме дека не ни е добра ситуацијата, а социјалната е повеќе кај Ромите. Ние не сме подготвени како другите националности да земеме по куќи. Можеби јас и неколку други можеме да земеме, но 80 до 90% од Ромите не се во состојба да земат по куќи. Таму ми беше кажано немој да зборуваш Ромски, затоа што вечер јас ке бидам убиен. Прашав зошто, од кого ќе бидеш убиен. Не смеам да се претставам дека сум ром, морам дека сум Алабанец. Ова мене многу ме боли, се тресам и говорам за ова. Нека им е на чест, тоа не е од македонските албанци, тоа е од косовските албанци. Тоа е за да се зголеми бројката на косовските бегалци албанци, а не роми. Жалосно е ова. Ова не треба да се случува вака. Ова не е добра работа. Пред малку се изјаснив реков ако треба ќе дадам оставка од овој Парламент. Само заради ова, го чекав овој момент околу оваа точка да дискутираме сите пратеници да ги решиме овие проблеми. Тоа е целата работа. Од тој моемнт јас будно ја следам целата работа сум ја запознал целата македонкса јавност. За ова знае претседателот на државата Киро Глигоров, претседателот на Парламентот Саво Климовски е запознат со ова, не сум имал можност да се видам со премиерот затоа што е многу зафатен, запознат е македонскиот Црвен крст, запознат е министерот за внатрешни работи и сите структури кој треба да ја преземат целата работа и будно да ја следат, затоа што не можат сите бегалци да се третираат како албанци, треба секому да му дозволиме како бегалец од Косово или Србија треба да му дозволиме да си ја каже својата припадност, да им допуштиме да се искажат кои се и што се.

Јас ќе чекам, знам дека ке уследи демант, треба да знае јавноста, од тогаш сум нонстоп на граница. Сите го напаѓате Македонскиот Црвен крст, но не е правилно. Треба да ја кажеме вистината. Јас сум пратеник на таа изборна единица. Многу пратнеици се удираат во гради дека биле таму. Јас знам кој дошол и зошто дошол. Јас лично дежурав таму. Сите ми викаа, што бараш ти си пратеник, но јас знам зошто сум идел. Сега ви ја кажувам вистината за да ја знаете.

Значи, оттогаш наваму сите ги запознавме. Јас ви кажувам дека се случи пред мене, имам видеокасета, се дели млеко, ромска фамилија 30-40 на една страна со деца и кога дојде млекото да се даде на Ромите, се свртија на страна и на друга страна отидоа моите братучеди кои ја делеја таа храна. Се знаеа кои се тие братучеди. Ел Хилал. Со знакот на Ел Хилал од тој момент доброволно ромите ги вклучивме во Цевниот крст на РМ. Дадовме 30 Роми кои беа на граница да делат храна. Има роми кои не добиле храна по два дена. Не добиле што немало, господа пратеници, можеби првиот ден бил проблем за храна, но другите денови храна се газеше. Може од тука една парламентарна група од сите националности да отидеме на граничниот премин Блаце, на Стенковец сега кај се наоѓаат сите да видите што е згазено. Некој добил по 5 ќебиња, а некој ни едно. Тоа не е правилно. Имам замерки. Се напаѓа Македонскиот Црвен крст, се напаѓа здраавството, но не е вистина. Имаше злоупотреби од Македонскиот Црвен крст, еве јас ќе ви кажам, тоа ќе ви го потврди Македонцкиот Црвен крст дека некој си зема за право да си напише сам на бело платно Црвен крст со фломастер и делеа храна кој како сака и влегуваа меѓу бегалците. Тоа сакав да ви го кажам.

Лично за Полицијата и Армијата барав личните доходи да им се зголемат, гледате дека сум во право. Полицијата не малтретирала никого. Можеби некого во моментот удрила, но сватете таму имало 100.000 луѓе, па меѓу толку луѓе се и сешто се случува. Нормално требаше да се заведе ред. Давам поддршка на Црвениот крст, тој не беше во можност целата хуманитарна помош да ја подели, затоа што тие од Црвениот крст немаа можност да пристапат од активистите кои делеа помош таму. Значи, заеднички ја делеле.

**АМДИ БАЈРАМ:** (продолжение)

Кога ги вклучивме и нашите роми, тогаш и ромите добија. Значи, сакам да кажам нешто друго,

Парламентот треба да го земе предвид, Владата треба да го земе предвид, министрите треба да го земат предвид ова и сите пратнеици тука и сите медиуми овде што го следат ова, како и граѓаните на РМ да знаат дека во Македонија дојде многу помош и многу ќе дојде за овие избеглици. Дајте, господа пратеници, да видиме каде е правилноста, ако сме добиле помош за еден месец, немојте за еден или два дена да ја фрлиме, затоа што имаме идни денови кога не се знае до кога и како ќе се расчистува работата.

Предлагам, затоа што се знае кој е главен во Македонија, и кој е одговорен за македонскиот црвен крст во РМ, предлагам сета помош што Ќе дојде во РМ од сите хуманитарни организации, да дојде во Црвениот крст, а да се вклучат од сите хуманитарни организации и да се дели помошта рамноправно, секој да добие и да има членови од хуманитарните организации присутни, а македонскиот Црвен Крст да ја прими целата таа помош што ќе дојде, а поделбите да бидат заеднички, а да има присутни од сите хуманитарни организации при поделбата на хуманитарната помош која пристигнува во РМ.

Тука имаше многу работи кои се кажаа како што е малтретирање и за други работи. Кажав дека не се малтретирани. Ние треба да сватиме дека се малтретирани, зашто, се најдовме во таква ситуација и во таков момент кога не се знаеше кој што да прави. Јас давам подршка на Владата, на опозицијата и на сите, но прашувам во овој момент што треба да направиме ние сите во интерес на РМ? Што треба да направиме за нашите граѓани, за нашата држава? Нормално, ние треба да ги прифатиме сите бегалци, тоа е точно, но договор со меѓународните заедници и со НАТО кој ја презема задачата да ја води целата оваа работа, мислам дека би требало да оставиме на сите да се води како што треба, сите сме загрижени за тоа, но треба да бидеме праведни. Македонија е наша држава и во неа живеат разни националности, од сите националности, тоа е точно. Потребно е да ја сочуваме нашата држава, затоа што треба да сватиме дека утре или друг ден, трет или четврти ден, како и идните денови ќе треба ние да живееме, како и нашите деца и другите да живеат тука.

Затоа, апелирам до сите вас, немојте многу сега да создаваме некои работи, туку дајте да се вклучиме сите, будејќи се наоѓаме во една тешка состојба сите наши граѓани во РМ многу се загрижени, а нека помине ова, нормално сите ние тука 120 пратеници што почесто да заседаваме во Парлашентот, па ако треба секој втор или трет ден да заседаваме да ги решаваме проблемите за да знаат министрите и Владата да ги задолжиме што да прават.

Околу камповите, точно знам каде се правеа и што се правеше околу камповите. Нормално, за еден, два или три дена дали ние сме моќни и дали можеше РМ кога баравме 20 илјади бегалци, коридорот кој требаше да се направи да биде меѓу Македонија и Република Албанија за можат да поминат албанците. Но, ние тоа не го направивме. Ние во РМ бевме толку хумани што како е така е, ненадејно ни ги истурија бегалците, изненада дојде тој бран на бегалци и сега треба да го решаваме сето ова заеднички. Што би било сега меѓу нас сите ние да се напаѓаме националност со националност, партија со партија, Влада како Влада, без разлика битна е Македонија, треба да не живее во неа, а и овие бегалци кои се тука сум, а некој вели дека сме направиле некое сценарио. Не е сценарио, господа, како ќе беше во Македонија ако ние отидемве отука во соседната држава друга, трета или четврта, сакам да кажам Грција, Албанија, Југославија или Бугарија, кај нас да се случеше нешто и ние да отидевме таму и ние 200 илјади на некој граничен премин да се најдевме, најнормално ќе беше постапено исто. Но, се беше вред. Не би требало многу да се жалиме, нетреба многу да напаѓаме, сите треба во овој момент, предлагам, да заземеме заеднички став, зашто се работи за РМ. Сите гледате дека НАТО едно ветува, друго прави. Зошто? Гледате што се случува, нема до Македонија ова, нема тоа, но се бркаа авионите. Ние сме свесни, горе немаше играчки, авионите вртеа. Значи, тоа е тоа, а од Југославија наваму кога се бркаа авионите тоа е точно дека беа авиони, затоа што небото се гледа и сега може да се случи нешто, има некој гаф, нормално, во таква ситуација и тоа се случува. Заота, велам, околу тоа да разговараме да ја сочуваме држа-вата, да го сучуваме мирот, инаку, ова другото неноси кон добро. Ако вака како пред малку што почнавме еден по еден да излегуваме и како јас сега овде, дајте тоа да го оставиме настрана и сите заедно да нап-равиме една парламентарна група од тука, да отидеме во тој камп што предлагам , сега каде што е тој, како што овде го нарекоа логор, а јас велам дека тоа не е логор, секој ден по 1000 или 2000 или 3000

се транспортираат, нормално со авиони преку воздушниот коридор. Се вели дека се 100 илјади а не се 100 илјади, слушнавме дека е помала бројка и да видиме што ќе направиме со овие бегалци, дали се роми или албанци, срби кои се сместени пријавени или непријавени, како ќе правиме во РМ. Потребно е да го решиме тој преболем и околу тоа овде да говориме. Ако вака продолжиме не оди кон добро, и нема да биде добро. Имаме и ние наши деца. Па, ред е еднаш и мене да ме сослушате вака да бидам банален. Ве молам малку стрпете се.

Предлагам, овој Парламент, затоа што македонската јавност будно не следи сите и оваа седница ја очекуваа македонските граѓани што ќе се случи и што ќе решиме овде. Апелирам до сите вас да направиме една парламентарна група, една делегација од сите националности да не вика Амди Бајрам вака било, да не вика некој друг така било или оној вака било. Со министрите по кој ресор им следува и како им следува секаде да бидеме присутни и идната недела на сеница овде веднаш да дадеме информација за тоа дали е точна состојбата или не е. Па кој е тој, господа пратеници, кој за 24 часа може за 120 илјади бегалци да пос-тави шатори. Најнормално score неможе. Благодарение, видете, јас и доброто и лошото го кажувам,, глагодарение на господата албанци што примија 50 илјади бегалци по нивните семејства. Јас, секако, им се заблагодарувам. Но, овие другите што беа на граница и тоа околу 10 0 илјадц па каде да ги сместиме? Шатори направија во Радуша. Во јавноста дадоа и Арбен Џафери многу добро кажа на СИТЕЛ изјавата , господа пратеници дали некој слушнал од вас , неговата изјава беше и таму на Блаце од господата бегалци кои дојдоа таму дека ние не одаме под шаторил, само ромите знаат да живеат по шатори, а јас пак нарочно во Црвениот Крст се изјаснив и кажав напротив ромите ќе ги сместиме во тие шатори. Заота, апелирам на овој Парламент, македонската јавност следи, јас нон-стоп се обраќам на граѓаните на РМ, затоа што нас сите пратеници овде нас не избрале во овој азонодавен дом граѓаните на РМ. Тие го дале овој глас и од нив е сочинет овој Парламент од 120 пратнеици. Тие ни ја дале довербата да ја водиме државата, без разлика кој е на власт, без разлика кој е во опозиција и дајте за добробит на РМ да го ре-шиме ова и да биде добро.

Предлагам да се формира една парламентарна група и да можеме сите заедно една делегација да ги посетиме сите тие, потоа да дадеме една информација на наредната седница на Собранието, за да можеме да заземеме еден став што и како се прави и дали е тоа точно што овде се се говори. Благодарам што ме сослушавте. (аплауз)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Амди Бајрам. Збор побара пратеник Благој Стојковски

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници,

Денеска расправаме по информација за безбедносната состојба во РМ и верувам дека сите до еден го делите моето мислење дека расправаме за една многу сложена тешка проблематика во која верувам дека и позицијата и позицијата ќе се стремат да дадат свој придонес за што подобра и поубава средина во која живее нашиот граѓанин. А, дека таа состојба е сложена и дека е тешка , најдобро зборува ако бидеме меѓу нашите граѓани и ако со нив разговараме и добиеме убедување што тие граѓани чувствуваат во овој момент. Дали тие граѓани се чувствуваат сигурни, спокојни, или нашите граѓани , или поточно граѓанинот се чувствува несигурен, неспокоен, вознемирен и живее во еден страв. Оваа состојба не беше од пред девет, од пред десет или пред пет години, ваква состојба меѓу нашите граѓани е од пред 15 или да кажеме 20 дена. Се прашувам од каде и кои се тие причини нашиотграѓанин кој за мене е стожер на демократијата, стожер на нашето општество околу кого се се врти а не оиолу политичките партии и политичките надмудрувања, сега дојде во една состојба да чувствува несигурност, чувствува страв, чувствува една вознемиреност. Јас нема да ги изнесувам моите мислења, ќе ги изнесам овде од оваа говорница мислењата на граѓаните. Немојте да ми замерите што ќе почнам со една анегдота од постарите времиња, несакам да ве вратам во минатото, бидејќи сега оваа состојба и недозволува да се враќаме во минатото. Постоеше една анегдота пред распадот на Југос-лавија според која во тоа време за јасно манифестирана поделеност беше поребен само еден окупатор за да не обедини. Анегдотата, имено поаѓаше од наталоженото искуство од народот дека внатрешните разлики помеѓу политичките сили на една земја, нужно се смалуваат или барем се маргинализира нивната важност пред опасноста од некој можен надворешен . Одтука, и не беше случајно што долги години во време на комунизмот, во

моментите кога ќе нараснеа внатрешните противречности, власта туку ќе измислеше некоја голема надворешна опасност за земјата пред која сите моравме да се обединиме. Овој пат се чини , меѓутоа, дека сепак не станува збор за измислена опасност, туку за мошне реална закана , која може да го доведе во прашање не само мирот во нашава држава а и да ги загрози реално имотите и животите на нашите граѓани. Она што сепак, останува нејасно , дури и по донесување на заеднички заклучоци на политичките партии во овој Парламент е одговорот на прашање, кој предизвика во Македонија кај граѓанинот на Македонија несигурност, неизвесност, вознемиреност и страв. Тоа прашање го поставуваат граѓаните.

За да зборуваме за политичкобезбедносна состојба во Македонија, мораме овие прашања да ги иницираме поставени да бараме разрешување. Прашањата се вакви. Дали е тоа НАТО алиансата, која во овој момент ги извршува воените удари по цели во СР Југославија, без разлика дали е тоа Приштина или Белград и други цели кои се наоѓаат на територија каде паѓаат бомби само 20-тина км. од Македонија. Дали се тоа единици на НАТО, ко се наоѓаат на територијата на Македонија, без нашите граѓани да го знаат јасно дефинираниот мандат на овие цели. Дали е тоа војска на Југославија која би можела да ги нападне единиците на НАТО во Македонија заради тоа што Југославија е во војна со земјите од НАТО, или пак во Македонија војната би можела да започне како природно продолжување на судирите помеѓу албанците и србите или помеѓу србите во Македонија и единиците на НАТО. Морам да кажам дека граѓаните се вознемирени од овие работи.Граѓаните на секое место и на секој чекор го поставуваат ова прашање.

Политичките партииво Македонскиот парламент само на неколку часа пред почетотот на интервенцијата на НАТО во Југославија со свои заклучоци само ги дефектираа можните опасности од вовлекување на Македонија во таа војна. Тие , имено, и ние овде донесовме четири основни заклучоци.

Првиот гласеше дека Македонија се залага за мирно разрешување на кризата на Косово или како што подоцна појасни г. Кипријанова ние во Македонија сме за мирно решавање на кризата во Косово, а за тоа таму што се случува одговорни се други.

Вториот заклучок гласеше дека територија на Македонија не смее да се користи за напад врз било која од соседните држави , што во извесна смисла, според мене, значеше давање на јавна гаранција на СР Југославија дека веќе пристигнатите единици на НАТО сили во Македонија нема да бидат искористени за напад кон неја, меѓутоа, по се изгледа требаше да кажеме во тој Заклучок дека под територија се подразбира и воздушниот простор

Третиот заклучок гласеше дека Македонија како земја домаќин на трупите на НАТО ќе побара дополнителни гаранции од НАТО за тоа дека тие нема да бидат искористени за други цели освен за оние што беа најавени при нивното доаѓање, а тоа значи дека ќе бидат искористени само со потпишување на мировна спогодба помеѓу двете страни на комфликтот во Југославија и само со дозвола на југословенскиот државен врв за влегување во Југославија.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Четвртиот заклучок гласеше дека надлежните органи во Македонија ќе побараат помош од САД и западно европските земји за решавање на проблемот со бегалци од Југославија кои во Македонија ќе ги внесат и своите егзистенцијални потреби од сместуеање, храна, здравствена заштита, образование и сл. Меѓутоа, ќе побараат и помош сите тие бегалци да бидат згрижени и да не се овозможи на оваа територија на Македонија да дојдат и други меѓуетнички судири и неделивости по многубројната албанска етничка, српската и да кажеме нешто друго. Но морам да кажам дека уште за време на оваа општа поддршка која овдека во Парламентот е дадена на овие заклучоци, излегоа на виделина суштествени разлики меѓу релевантните политички субјекти во Македонија. Тие разлики предизвикаа дополнително вознемирувње на граѓанството во Македонија.

ГВрво, морам да кажам дека парламентарната група на албанците од владината коалиција ја искористи приликата да одржи овдека предавање на сите претставници на македонците во Парламентот за значењето, на НАТО во обезбедуваше на мирот, независноста и безбедноста на Македонија. И најави, што и подоцна го направи целосна поддршка на акциите на НАТО врз цели на Југославија, независно од тоа колкави штети и жртви тие ќе предизвикаат, иако тие акции беа и во Косово.

Претставниците на опозицијата СДСМ јасно, веднаш побара да се дефинира статусот на НАТО во Македонија и веднаш да се преземат итни мерки за бегалците кои во

тој момент ги искажавме бројките колку ќе бидат. Што се случи, каква е состојбата со бегалците, каде се бегалците, верувам дека ни еден од нас овдека, верувам а не мора да е точно дека и Владата знае точно каде се бегалците и колкав е бројот на бегалците. По некои искажувања 120 илјади, по некои 130 илјади, некои ни даваат информации дека се 150 илјади, а некои око-лу 180 илјади. Не сакам да верувам во шпекулации, ќе останам на тоа да верувам на она што го тврди Владата, меѓутоа, си земам за право да кажам дека неорганизирано сместување на бегалците придонесе до тешки последици за бегалците, а понатаму ќе придонесе за тешки последици за Македонија. Тоа е према мене. Два дена по оваа дебата, Македонија се соочи и со реалноста на разликите во политичката практи-ка. Етничките албанци од сите политички бои во Македонија ги поздра-вија првите бомби на НАТО алијансата што паднаа врз цели на Југославија и прифаќајќи ги идентичните позиции како што се сд она со Вла-дата на Тирана, продолжија да повторуваат дека НАТО е единствената сила што може да го обезбеди мирот во регионот. Премиерот на Албанија, во име на сите албанци изјави: "со овој чин на НАТО започнува испишување на нова историја на албанците". Многу ми е жал, растев во средина со албанци, имам другари, не ми треба некој да испишува ваква крвава-историја, без разлика дали е Србин, Македонец или Албанец и не можеме да прифатиме вакви работи.

Србите во Македонија, поддржани од немал број македонци чии роднини и пријатели во Србија и Црна Гора се најдоа под удар на бомбите од НАТО, побараа Македонија да ги осуди нападите на НАТО врз Југославија и организира протести, кои завршија со прилично милитантни напади, знаете врз американската и германската амбасада во Скопје. Партиите, големите партии од коалицијата во Парламентот и натаму останаа да повторуваат дека се за едно мирно решавање на проблемот на Косово, додека Социјалдемократскиот сојуз побара итно запирање на сите воени дејствија без разлика дали се работи за Косово, дали се работи за Приштина, Ниш или Србија. Бараме налудничавите акции да бидат стопирани. Но и по сето ова мудрување, морам да кажам дека некој рече дека некој ја користи говорницата за политички маркетинг, мора да кажам дека и по сето ова мудрување на политички партии во Македонија за граѓаните, за мене остануваат неодговорени низа прашања, кои според мене лежат во основа на стравот, на неизвесноста на македонскиот граѓанин.

Прво, граѓанинот се прашува со кој морален кредибилитет ќе излезе Македонија по завршување на сето ова што денеска се случува во Југославија. Дури иако војната не се прелее во Македонија и недај боже да се прелее. Дали српскиот народ ќе ја разбере деликатноота на нашата позиција и дали за неа ќе имаат разбирање 80 илјади македонци што живеат во СР Југославија и ја делат судбината со тој народ таму и со режимот кој владее таму. Ќе можеме ли по сето ова да останеме пријатели и со србите и со албанците.

Второ, е прашање што ги вознемирува граѓаните, дали некои албанци, потенцирам некои, радикални албанци, од Македонија кои денес на нас на сите и на наши соседи не убедуваат дека независно Косовое во интерес на стабилноста на Македонија, нема еден ден да почнат да не убедуваат со исти средства како на Косово дека во интерес на стабилноста на Македонија е и некоја, да спомнам некаква си Илирида, каде ќе биде, до каде ќе биде и каде ќе бидат границите. И едно прашање кое мене како пратеник ме вознемирува и се прашувам, зна-ејќи го генот на сето тоа што се случува, како ќе реагира и НАТО во две можни ситуации што можат да се случат во Македонија.

Прво, ако случајно, недај боже дојде до некој. меѓуетнички судир во Македонија, во време додека НАТО чека да влезе во Југослави ј а . и Второ, ако некој недај боже пак само прогласи некоја ослободителна армија во Македонија, како и на каков начин ќе делува НАТО. Не сакам да прогнозирам, не сакам да кажувам, меѓутоа, мора да дефинираме статус на НАТО овде во Македонија и да знаеме кои се неговите права и должности во оваа Република. Сакам да кажам дека ова што пред малку го спомнав недај боже да се случи за добро на граѓани на Македонија, без разлика што се, дали албанци или турци, македонци или срби. Тоа да не се случи, бидејќи ако мене ме прашувате и други ги прашувате како ќе се однесува НАТО од она што досега го имаме слушнато, учено, проучено, сигурно дека не треба НАТО да го обвинуваме за заземање на некои страни во некои судири и дека негоавта улога се исцрпува во тоа да се принудат страните во конфликтот на договор кој ќе ги спречи геноцидните однесувања,

злосторствата против човештвото и загрозување на регионалната стабилност. Но останува и натаму прашањето дали е така. За мене прашувам. Дали НАТО со својата сегашна акција во Југославија нема да ги поттикне и охрабри сите потенцијални сепаратистички движења во светот. Дали нема да ги охрабри и уште други работи. Денес тоа се прави во Југославија, утре ќе се прави во некоја друга земја, ние како граѓани не ги осудуваме тие работи, недај боже и да не се случи во Македонија, верувам дека тогаш ќе нема кој да ги осуди. Во оваа приказна која ја зборуваат граѓаните доаѓаме всушност повторно до проблемот на принципите на надворешната политика на Република Македонија. Во случајот со признавање на Тајван на пример главниот приговор на опозицијата беше дека Владата ги напуштила познатите принципи во меѓународното право за почитување на своите претходно потпишани договори и склучила договор, со кој го промовира принципот признавање за Тајван. Тоа е факт. Со тоа, според тврдењето на опозицијата Македонија се спушти во подземјето на меѓународните односи во кои веќе не важат принципите, туку важи прави-лото дека се е на продажба и се може да се купи. Дали некој во оваа Македонија, не сакам да кажам што, ќе може да понуди нешто на продажба, недај боже. Сакам да кажам во овој случај сега кога расправаме за безбедносната состојба во Македонија, никој во Македонија не ја одобрува состојбата во Косово. Меѓутоа, морам да кажам дека Македонија во свој интерес да не ги изгуби шансите за влегување во НАТО молчешкум се согласува со несомнената жестока акција на НАТО. Повторувам да не се сфатам погрешно, и во Приштина, и во Призрен и во Гаковица и во Ниш и во Белград. Истовремено морам да кажам не слушнав ниакде, нека ме демантира некој дека НАТО нема упатено ниту една сериозна закана за воени единици на сепаратистичкото движеше и дека и ти е ќе бидат бомбардирани, доколку не престанат со нивни акции. Само на таков начин ќе може да се обезбеди мир на тој регион. Дали ова значи дека Македонија ги прифаќа целосно овие принципи на дејствување на НАТО во Меѓународната заедница и ако не стане член на НАТО Македонија, во меѓувреме може да очекува дека во случај на слични ситуации во Македонија, НАТО на идентичен начин ќе се однесува како што сега се однесува. Или да ја поставам другата теза. Ако Македонија заради својот придонес што го дава сега во акцијата на НАТО, стана негова членка, тогаш веројатно ќе може да побара дозвола да се однесува кон некое од своите етнички малцинства како Турција кон курдите. зад кое Меѓународната заедница не превзема ништо и не ги забележува. Мора да кажам дека како човек не се согласувам со овие ставови, со овие принципи. Вакви ставови и принципи не треба во Македонија да има, затоа што овие принципи и ставови не носат ништо добро, носат разурнување, носат нестабилност, носат страдање, а во тоа најлесно се уверуваме сега кога НАТО делува во СР Југославија дека најжестоки и најтешки страдања доживуваат точно албанците. Верувам и ние во Македонија ќе ги имаме последиците понатаму, бидејќи нашето стопанство и нашиот просперитет многу е зависен од сето ова што го имаме во соседството. Верувам дека и тоа ќе се случи понатаму, меѓутоа, сакам да кажам дека во една ваква несигурност, нестабилност, неспокојство по малку не турна и Владата на Република Македонија. (Реакција од пратениците). Така е, имате право да реагирате, не ја сослушувате реченицата до крајот, реков дека има и Владата затоа што на информациите што ги даде пред граѓанството, вие можете да реагирате, јас зборувам со факти с,е каже дека надлетување на Македонија е од руски авион,, па потоа излезе госпоѓата Кипријанова па кажа дека е надлетување од хеликоптери, па потоа излезе еден човек кој кажа за жал, јас сум некое техничко лице по струка, рече се проби звучен зид и кристалноста на атмосферата придонесе да слушаме вакви удари, односно звуци, меѓутоа факт беше дека во близина на Липково на 50 км. од браната падна една ракета. Тука моравме да бидеме точно информирани. Бидејќи нема подобра сигурност на граѓаните ако Владата излегува со релевантни вистински информации. Не може да се сокрие ништо од народот. А дали народот и граѓанинот ќе се чувствува посигурен, сигурен сум дека ќе се чувствува посигурен ако бидеме сите заедно. Ако сите заедно делуваме на овие работи и граѓаните, затоа што сега сме на една острица. Меѓутоа, за тоа делување мораме сите да бидеме присутни во Македонија, не само ние како пратеници, да бидеме присутни со наши семејства тука како моето семејство и на други некои да биде семејството и да ги чувствува овие вознемирености и несигурности. Меѓутоа, време е од овдека да повикаме да се фрли оружјето, да престанат сите работи што се случуваат на Косово, да престанат сите работи што се случуваат во Белград, во Југославија, да повикаме сите заедно да

седнат на маса, бидејќи и после овие уништувања и овие егзодуси и за сите овие други работи повторно ќе мора да се седне на маса. Што се седне побрзо, толку подобро за сите и за Косово и за Србија и за Југославија и за Македонија и за сите соседи.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Јас бев подготвен да дискутираме по точката од дневниот ред, а тоа беше актуелно безбедносната состојба во Македонија. Јас не ја негирам потребата на пратениците да се позанимаваат и со приказни и со нивни гледања за насоките на надворешнополитичката позиција на Македонија, па да ка-жеме и тоа што треба да прави НАТО, што треба да прави Европската Унија и многу нешто. Но бидејќи сум сосема сигурен дека НАТО нема да ме послуша мене, односно нема да го послуша ова Собрание...

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:** (Продолжение)

. . . Сосема сум сигурен дека Собранието на РМ неможе да пропише правила на однесување на НАТО во смисла да рече вие вака и онака мора да постапувате, па дури тогаш ние ќе се зачлениме кај вас. Истото да го направи и со Европската унија. Јас искрено дас ви кажам многу би сакал така да биде и РМ да биде во позиција дадиктира услови и за НАТО и за Европската унија и за другите меѓународни структури, но за жал ние сме тие што нашето однесување, нашата политика, нашата политичка ориентација треба да ја прилагодувам кон тие правила што некој ги пропишал пред нас. На нас ни останува или да ги прифатиме или да ги оставиме. Ако денес се согласиме тука, јас не гледа дека Владата за тоа разговара, односно дека инфомрацијата на премиерот на тоа се однесуваше да го преиспитаме нашиот однос кон НАТО и кон некоја друга европска структура. И тоа е можно, меѓутоа, дали денеска и дали по овој повод. Во услови кога ние се соочуваме со една навистина тешка сложена и многу одговорна задача, да дадеме одговор на прашањето во врска со стабилноста на земјата и да дадеме одговор на прашањето во врска со разрешувањето на актуелниот проблем што ни е наметнат со големото прсуство на бегалци тука. Мислам дека тие се две основни задачи. Две основни прашања за кои приоритетно денес и тука треба да разговараме. И да кажеме дека ситуацијата ни е навистина сложена да кажеме дека ситуацијата ни е навистина тешка, да се согласиме сите без оглед на партиската припадност дека сите, до еден ако може да се организираме што подобро, да се залагаме и поединечно и како организирани политички сили во политички партии и секаде каде што делуваме да дадеме сопствен придонес во зачувувањето на мирот и безбедноста во РМ. И паралелно со тоа, да дадеме конструктивни предлози и констуктивен придонес за решавање на прашањето на бегалците. Во тоа сум сигурен дека некој ќе ми замери дека овие две прашања се инкопатабилни, не одат едно со друго, затоа што, ќе рече евентуалниот критичар токму присуството на бегалците ги создава безбедносните односно да ја дестабилизира земјата. Да, но ние сме затоа тука. Ние затоа имаме државни органи, ние затоа имаме Парламент, затоа имаме организирани луѓе во политички партии и тн. и т.н. кои треба да ја насочиме активноста во намалување или евентуално потполно елиминирање на евентуалните штетни последици од тоа присуство на бегалци.

Мислам дека нее тешко по овие две прашања да постигнеме и консензусзатоа што и едното и другото е потребно.

Размислете добро и евентуално немој некој да смета дека сум контрадикторен во искажувањето, затоа што точно знам што зборувам и точно знам зошто го кажувам ова на начин како што го кажав.

Веројатно дека е можно да се договори за причинтие поради кои е дојдено до оваа ситуацијас. Веројатно тука не можеме да се согласиме заради тоа што секој ќе изнајде причини за да го оправда сопствениот став, сопственото гледиште и сопствнеото мислење по тоа прашање. Меѓутоа, мислам дека денес времето не ни дозволува да се занимаваме со анализи и уште повеќе што приврешењето на таквите анализи сигурен сум дека нема да се согласиме. Мојот повик е да дискутираме за работи за кои во овој момент, во овој временски период можеме да се согласиме или се согласуваме, или пак имаме шански да се согласиме. За тоа да разговараме. Инаку морам да кажам дека овој голем прилив на Албанци, затоа што многумина тука рекоа Албанци, а тоа се бегалци, значи не се ниту Роми, ниту Турци, ниту Срби, ниту Албанци, туку се бегалци, овој проблем изгледа сите нас не затече. Морам да кажам дека беше затечена и Владата. Но, беа затечени и многу други кои не семат да бидат во ситуација да бидат затечени.

Јас избегнувам да спомнувам и државни органи и тн. и тн. но ова што е битно и што мислам дека е битно пред вас да кажам освен немаштината, освен тоа што не сме добро организирани за градба на кампови, на прифатна толкав број и тн. и тн. голем придонес во создавањето на ситуацијата каква што ја имаме имаше и односот на државните органи према тие луѓе што дојдоа. Мислам дека тоа не е тајна и воопшто не е здраво да не се спомене.

Ние мора да признаеме дека и луѓето што ги спроведуваат одлуките или наредбите на министрите се исто така луѓе кои што имаат сопствени убедувања, кои за жал иако работат во државни органи имаат и партиски и политички убедувања, различни од другите, дури и различни од тој што ги издава наредбите. Со други зборови секој припадник или на полициајта или на друг орган има и свое политичко убедување и врз основа на таквата политичко убедување тој врши односно не ги извршува наредбите. Па, кога ќе види дека ставот на Владата е малку ригиден спрема бегалците, тој ќе употреби палица, ќе употрееби сила и тн. И тоа беше присутно. Некој ќе рече дека тоа се елементи на ксенофобија, некој ќе рече дека тоа се елементи на албанофобија, некој ќе рече дека е тоа манифестација на некоја омраза и тн. и тн. И од сето тоа може да има по нешто, но дали токму сега ние мораме за тие теми да разговараме и дали токму сега мораме тие теми да ги отвораме. За таква дискусија ни е потребна малку порелаксирана атмосфера и ни треба една со наш придонес создадена конструктивна атмосфера и дури тогаш да разговараме. Инаку, сега отворањето на тие теми е директен придонес во распласнување на страстите кои што и така и така не се толку контролирани.

Јас мислам дека треба да и дадеме време, можност и да и помогнеме на Владта да се справи со овој проблем. Ако повика на помош да и дадеме помош, да се излезе одоваа тешка ситуација, јас не давам рецепти, Владата веројатно ќе има свој концепт за тоа со кој можеме да се согласиме или дас не се согласиме, меѓутоа дас видиме кое е инаку што се однесува доставот на Владата во врска со транспортирањето на луѓетово трети, четврти, незнам какви земји јас го искажувам ставот на партијата што ја раководам дека неи сме одлучно против таквиот владин став.

Прво, ние се залагаме тие луѓе да се сместат по кампови или по приватни куќи, општествени, државни објекти кои што не се искористени а кои што можат да послужат за таа намена, дури и да бидат добро чувани, изолирани и да се чуваат така додека се создадаст услови за нивно враќање одкаде што се дојдени, или пак Владата да стапи во контакт со Албанската влада и постепено како ќе бидат создадени услови таму за нивно сместување да ги сместиме таму.

Недопустиво е и против меѓународните конвенции е постапката на раздвојување на семејства. Раздвојување на деца од родители. Сето тоа создава трауми на тие луѓе  и така трауматизирани се дојдени и ако ние со нашиот однос понатаму придонесуваме понтаму да се трауматизираат, ние навистина неможеме да се пофалиме дека чиниме едно хуманитарно дело.

Второ, нас не ни треба сега и во оваа ситуација да отвориме "војна" со европските држави, со членките на НАТО, со НАТО, со меѓународните хуманитарни организации и тн. и тн. Веројатно Владата има координационо тело или ако нема под итно да формира меѓуресорскас група која ќе ги координира и активностите и доделува-њето на помошта и сето тоа.

Јас ги подржувам напорите на Владата да ги драматизира и така драматичната ситуација тука, да ги драматизира и пред меѓународната јавност со цел да се здобие со некоја парична помош или некоја друга помош што и тоа како е потребно.

Исто така ги подржуваме напорите на Владата да изнајде начин на РМ да и се надоместат загубите, директните или индиректните штети од оваа ситуација. И тоа приоритетна задача наша сега е даработиме на првите две прашања со кои ја започнав мојата дискусија. За другото јас да ви кажам сум имал прилика овие денови да имам контакти скоро со сите што доаѓаат во РМ и секогаш сме истакнувале дека РМ е изложена на трошоци кои што се против нејзинат волја настанати. Таа ќе има и индиректни штети од целата оваа ситуација, што меѓунаронддата заедница треба да  ги надомести.

Вие господа пратеници вооваа ситуација мораме заеднички д ја премостиме. Ние оваа ситуација мораме заеднички  да ја надминеме. Ние не можеме да надминуваме сериозни и тешки ситуации аз нас, за нашата езмја, доколку оваа несреќа на тие луѓе таму ја употребиме за некаков политички маркетинг, дека оваа политичка партија е многу добра, другата не чини и тн. и тн. затоа што сето тоа бидете

сигурни дека никој, ама баш никој не бил среќен ако изградил палата на гробишта при имање на ледини каде што можат да се градат големи куќи и големи палати. Среќата никој да не мисли да ја гради на нечија несреќа. Ова нас сега ни се случува, да се надеваме дека повеќе нема да се повторува,да се надеваме дека состојбите на Косово и СР Југославија ќе бидат средени и дека тие луѓе ќе живеат таму каде што им е родното место, затао што огромното мнозинство на теи луѓе, кога би била вопрашање Шведска, Норвешка, или некоја друга земја, Германија и тн. веројатно би се нашле луѓе, многу од нив кои би останел таму. Верувајте РМ не е толку атрактивна, дури воопшто не е атрактивна дадојде некој од Косово да живее во Македонија. Ама воопшто не е атрактивна. Да бидеме реални, да бидеме рационални. Немој нас како пратеници да не зафаќа некој ирационален страв од некакви сили. Промени на етнички карти, етнички дебаланси, ребаланси. Бидете убедени дека ние што сме тука веројатно трајно ќе бидеме тука и само со меѓусебно почитување и тогаш кога ни е тешко или кога ни е најтешко и со меѓусебно разбирање можеме да ги решиме и најтешките проблеми кои што на прв поглед можат да ни изгледаат нерешливи или тешко решливи. Па, затоа сме тука ние, затоа има Парламент, затоа има Влада, затоа има државни органи, затоа е целокупната државна структура која треба да функционира. Повторувам, треба да функционира но да функционира врз основа на закон, а не со волонтаризам, а не со нечие наоѓање и тн. и тн.

Беа овде неколку укажувања убеден сум дека сите беа сврзани за актуелната ситуација без историцизам и без некое предвидување што ќе биде кога би било, теми кои што можеме да ги отвориме некогаш но кои што не се актуелни. Да смогнеме сили да се справием со проблемите да соработуваме во разрешувашето на проблемите доколку навистина сме убедени, а се надевам дека сме убедени дека првата и основна цел на сите нас тука и на секој нас поединечно е да се сочува мирот и стабилнсота во Република Македонија.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ**: (Продолжение)

Да не запаѓаме под туѓи сценарија, да не запаѓаме во некои замки кои што некои смислено однапред ги поставил ,или искористувајќи ја ситуацијата може да ни ги постави.

Мојот повик е сосема човечки. Дајте да бидеме рационални и да постапуваме рационално за поинакви или конкурентски идеи, во смисла дека, јас кој би бил, да речеме министер за одбрана, за тоа што господинот Кљусев изгледа уморен, би дил поуспешен. Меѓутоа, тоа е се можно, меѓутоа не денеска не овде.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитуран претседателе, дами и господа, ние денес расправаме за актуелната безбедносна состојба, се разбира поврзана со косовската криза и сето тоа што се случува со нападите на НАТО, а сето тоа по-врзано со депортирните граѓани албанци од Косово.

Ние поодамна сме имале расправа, сме имале теми со косовската криза дури во сите димензии тука сме дискутирале. После сетотоа имаше една конференција која за претставниците на албанците заврши, и за меѓународната заедница и за контактната група во Рамбуе. Што тоа значеше. Тоа значеше дека во таа мировна конференција претставниците на албанците се согласија со тоа што требаше да се согласат, почитувајќи сето тоа што значи мирно решвање на кризат во Косово за одредено време. Меѓутоа, после непотпишувањето на српската страна односно југословенската имавме една ситуација која навистина кажуваше многу јасно дека едната страна која ја започна кризата не сакаше на мировен начин да заврши таа конференција и ние сме соочени и целиот свет тоа го виде дека во Косово се прегрупираат групи со намера сета таа работа односно таа криза да се разреши со сила, со моќ и со сето тоа што се случуваше на Косово тие две три недели додека пораките од Меѓународната заедница од НАТО од Контакт групата беа интензивни и дипломатски и политички да се заврши на мировен начин како што треба таа криза, односно таа конференциј а.

Во меѓувреме, исто така сведоци бевме за доаѓањето на трупите на НАТО во Република Македонија и дојдоа. Меѓутоа, набрзо тука во Република Македонија почнаа да се поставуваат прашања зошто дојдоа, што ќе ни се тука. Мислам дека тука почнавме самите да паѓаме во една непринципиелност, а воедно поодамна во зградата на Парламентот на Република Македонија декларативно или никако, многу добро се сеќа-вам сите координатори на пратеничките групи излеговме кој побрзо од нас да кажеме, сакаме членство во НАТО. Беше како беше. Овие денови се случија нападите на НАТО. Јас незнам зошто тоа не изненади односно некого го изненади. Па тоа и се очекуваше.

Имаше предупредување, имаше нон стоп пораки, луѓе од Брисел Белград, Вашингтон Белград, Приштина Скопје и тн. Меѓутоа, не вродија плод и дојде до ова што се случи. Зошто? Вие мислите, некој од Вас, се разбира има исклучоци дека тие 19 демократски земји кои се членки на НАТО на чело со САД толку не можат во нивното размислување да ги согледаат и последиците и неможат да ги согледуваат сите тие работи каков епилог ќе има? Знам каде е проблемот и мислам дека треба да бидеме отворени до крај, кој која страна држи во овој случај.И навистина поаѓајќи од структурата и на политичките партии и националната структура во РМ, тука ние се судираме меѓу себе, меѓутоа безпотребно. Тоа го правиме вон тоа што е наш принцип како држава. Зошто? Многу јасно ние и многу пати сме го кажале, дури почнавме да градиме политички систем, правен пошитички систем, компактибилен, токму на тие држави кои го сочинуваа НАТО. Што значи тоа, дека тука сите се согласуваме. И од каде и зошто сега антинато. Мислам дека, поаѓајќи од тоа што значи политички систем и да држиш страна и политичко убедување, исто така мислам дека здраво е за ова општество и за Република Македонија, во никој случај да не биде на страна во тие што имаат тоталитарна политика кон еден народ, истребуваат, има геноцид, истребуваат, убиваат, масакрираат. Србитед односно режимот на Милошевиќ тоа го прави и тоа ние не само што го слушаме, ние тоа и го гледаме. Тоа го кажуваат другите, го кажуваат лидери и на држави и на меѓународни структури, ако е така. Ќе бидам до крај отворен. Не можеме пристапот кон овој проблем ние да го направиме по тоа кое е нашето потекло, која е нашата вера и која е нашата нација, затоа што кога се гради политички или правен систем компатибилен на едни држави што мислиме ние дека кај нив цвета демократијата,кај нив има благодет во тоа што значи живот, кај нив е изграден смисолот на животот и кога ние нон стоп велиме дека наша опција е таа, тука принципиелни треба да бидеме до крај, треба да се држиме на тоа. Друго е тоа што можеби се разликуваме. Ако се прашуваме односно сакаме да дадеме квалификации т.е. да држиме страна кога се работи за културни, духовни и тн. врски. Тука никој никого не може да критикува зошто држиш културни, духовни, верски врски на тоа што припаѓаш. Тоа ниту го забранува некоја демократска опција или политички систем што е компатибилен на тоа што значи Европска унија, САД и тн.

Исто така тоа што значи безбедносна состојба во Република Македонија. Прво, ние мораме да се согласиме со една констатација дека освен тоа што значи политички проблеми, системски и тн. што се случува помеѓу Белград, Приштина вонoвој случај во Косово имаме хуманитарна криза. Таа хуманитарна криза е поцртана, верифицирана пд најрелевантните фактори во светот. И ние неможеме да не се согласиме со тоа дека токму, затоа што се случува хуманитарната криза и главниот повод беше да се реагира како што реагира НАТО во Југославија односно во целите каде што трупите на Југославија се во Косово.

Оние што бегаат, заправо не бегаат. Ние имаме бегалци некаде 8 до 10 илјади кои бегаа пред да почнат тие масовни истребу-вања. После се случи нешто друго. Истерани, депортирани од нивните домови. Верувајте луѓе, па вие тоа го знаете колеги мој. Тие се депортирани од парамилитарни банди и се што е таму натрупано од домот извадени луѓе се, депортирани до Косово Поле во воз и донесени на граница. Тие веќе не можат да се третираат како бегалци. Тие се депор-тирани до нашата граница, односно границата меѓу Косово и Македонија. Сега требаше ние да реагираме, односно Владата на Република Македонија мораше да реагира поекспедитивно, да ги прифати тие депортираните затоа што тоа е обврска со конвенција уште од 1991 година, па нов протокол од 1967 година. Не можеш во тие ситуации и да кажеш, па јас не сум спремен, јас сум сиромашна држава, со сиромашна економија. Треба да прифатиш депортирани луѓе па нека се 50 илјади, 60 и 100 илјади и да ги смести во тие кампови што ги имаш. Среќата во таа помош и испо-мош е многу благодарана за државата што 50 илјади сесместени во семејства. Луѓето што примаат социјална помош денес во нивните куќи има по 40-50 души кои се депортирни овде. Не можеме така ние. Не можевме така ние. Не можевме како луѓе да ставиме ние орган и институција, а орган и институција сепак претставуваат луѓе што се министри, премиер или што знам. Едно е сигурно, не смеевме да ги оставиме тие депортирани луѓе стари, деца изнемоштени и болни, од срце и други болести, да умираат. И денес се лутиме кога СИ-ЕН-ЕН ни кажува таму 30, 40, 50 гробови и тн. Зарем требаше да се чека, да се случува тоа што се случуваше во Блаце, Глобочица, односно Јажинце. Сега уште наоѓаме такви критички зборовит:и"на тие кои беа и направија екстра ангажман за

да им помогнат на тие изнемоштени лица кои се депортирани, што ги видовме сами, дадоа се од себе 24 часа помагајќи и на тие луѓе. И да не се заинатиме тука кога се работи за нешто што е видливо дека Ел Хилал беше безпрекорна. Јас не велам дека и Црвениот крст и другите не беа ангажирани.Но, тие активисти на Ел Хилал како хуманитарно друштво дадоа нешто што е надчовечко од себе, да го ублажат тоа што државата во тој случај се најде немоќна. Или е прашањето во тоа што навреме но не знаеше да прави програма и спцеификација како се добива помошта во такви случаи. Дали е тоа од незнаење. Дали е тоа од индиферентност, дали е тоа од тоа да се ќари нешто, од таква тра-гедија што се случуваше. Меѓутоа, едно е точно,имиџот после ова што се случи во Блаце и во Јажинци и на некои други гранични премини и каде што поминаа депортираните на Република Македонија во однос на меѓународната заедница паѓаше овие денови

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Меѓутоа едно е точно имиџот после ова што се случи во Блаце и во Јажинце и на други гранични премини во Република Македонија во однос на Меѓународната заедница поготово овие денови, затоа што и Ема Бонино и многу луѓе кои беа тука сега почнаа од далеку да ни упатуваат критики за односот кон бегалците. Не смееше Владата да дозволи таква голгота. Навистина не смееше. Истиот ден кога се бараше помош од НАТО трупите кои се тука да се изгради камп, па тие за два дена веќе изградија камп во Стенковец и се извлекоа луѓето, сега барем живеат во некои понормални услови каде што може да се истрае. И после тоа што настана? И јас сум против тоа да се депортираат луѓето, сега нова депортација, ново депортирање сега од тука на четири страни на светов, а се ангажираме таму да се стабилизира Косово, да биде слободно Косово и да се вратат што побрзо и тоа јас лично се ангажирам само НАТО силите, само НАТО таму може да обезбеди услови за да се вратат овие луѓе во нивните домови. После сето тоа јас знам ситуацијата наметнуваше нервоза и кај премиерот и кај одредени ресори на Владата. Меѓутоа, не смееше да се губат нервите. И од кратко време на еден миленик на Европа сега премиерот направи кардинална грешка. Се спротивстави и почна да ја критикува Европа, и НАТО и Си Ен Ен и Би Би Си и медиумите. Па знаеме ли ние што знаши денеска Си Ен Ен и што значи НАТО? Знаеме. Да се противиш против такво средство за информирање кое го покрива целиот свет, мислам дека, ќе видиме, но последиците можат да бидат многу големи. Мислам дека исто така е грешка кога помислуваат некои па еве, поради тоа што се тука присутни трупите НАТО иако луѓето кои се на чело на НАТО, па и тие кои се тука го велат тоа нонстоп зошто се. И колку пати ни кажаа зошто се тука, па држат конференции и ни го кажуваат тоа, ние упорно спротивното, тука се дојдени за да се искористи територијата на Република Македонија, за ова, за она. Дири некои велат, па што ќе биде после, како ние ќе ги сочуваме нашите односи со соседот, со Србија итн. Па нека Ви биде јасно, мене ми е многу јасно дека можат понатаму да продолжат добрите односи, но во едно сум сигурен, тој режим е готов, тој режим на Милошевиќ ќе падне, а кога ќе падне тој режим тоа значи дека ќе се градат сосема добри односи со нови луѓе, се надеваме со почетоци на демократија и таму. Затоа немојте да водите премногу грижа дека не можат да се изградат односи. Се разбира дека не се сложувам и со некои настапи тука, но во едно сум сигурен дека ние полека ќе го сватиме тоа дека требаше вака да биде, дека мораше да се појави сила која во овој случај се вика НАТО затоа што во некои земји демократијата се развива, демократските односи се развиваат со нормален тек и тие што прифатија да развиваат демократски односи со норамлен тек кај нив нема да паѓаат бомби. Паѓаат бомби каде што демократијата не се развива во нормален тек, паѓаат бомби се разбира кај тие кои мора некој да имплементира нови демократски односи, односно нов демократски систем. И ние тоа треба да го сватиме како што треба.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Драги колеги, ќе Ви го соопштам редоследот како што стои запишано од господинот претседател.

После претходниот говорник на ред е господинот Бранко Црвенковски, Аце Сајковски, Радомир Карангелевски, Илјаз Сабриу и Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Верувам дека госпоѓата секретар тука ќе признае, јас бев трет пријавен. Да се врши селекција на дискутанти, тоа воопшто не е во ред

**ИЉАЗ САБРИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани министри, дами и господа пратеници, Денеска расправаме за една многу важна тема која предизвика

толку бура во оваа сала, а сигурно и во јавноста и затоа не случајно вчера, денеска, претпладне, попладне и тн. и сега ние расправаме за политичко безбедносната ситуација во Репуб-лика Македонија со посебен акцент за проблемите со бегалците од Косово и проблемите кои ние ги имаме во Република Македонија во врска со тоа прашаше. Мислам дека оваа седница очекував лично дека ќе биде малку потешка и посложена и посериозна кога ги гледам тука сите минисри и премиерот и сите надлежни органи кои на некој начин ги тангира ова прашање, а тоа е прашањето на бегалците и политичко безбедносната ситуација во РМ во целина. Но, тоа е што е и ние не можеме да ја менуваме таа ситуација бидејќи имаше укажувања да се присуствува, да се следи седницата и да се расправа во смисла да се најдат некои решенија за полесно и побезболно да го надминеме овој проблем кој денеска е во Република Македонија а и пошироко. Јас не би сакал и не сакам во мојата дискусија, иако имав малку поопширна варијанта, но од претходните дискусии ќе се откажам од оној дел кој беше за вкупната состојба на Балканот, по НАТО, односите меѓу државите итн., но во моето кажуваше и убедување ќе се фокусирам на проблемите и некои мерки како ние сега да излеземе од оваа проблематика која и те како е сложена и е тешка. Исто така не сакам тука да кажувам и да ги раскажувам моите впечатоци бидејќи ние како пратеници било некој повеќе или помалку бевме присутни и на лице место во Блаце и видовме што се случува таму и ако ние сакаме нешто да криеме од она што видовме со нашите очи, од јавноста тоа не можеме да го криеме бидејќи најмоќните куќи информативни беа присутни во секој момент даваа извештаи и мислам дека навистина тоа што го видовме и на лице место и она што беше прикажано од средствата за јавно информирање за Република Македонија за нашата држава по мене ќе остави една црна леќа за тоа како не треба да се однесуваме и да се справиме со проблемите со луѓето кои бегаат пред оружјето, пред ножот, со луѓето на кои им се убиваат децата пред нивните очи, се силуваат, се палат куќи итн., односно кои се депортираат итн., и таков егзодус барем ние помладите после Втората светска војна не се памти, дури за време на Втората светска војна мислам дека вакви егзодуси масовни, освен несреќниот народ на израелците кој доживеа таков егзодус, втори сме ние албанците кои го доживеавме овој егзодус предизвикан на сите нас ни е јасно од кого и кој е кривецот за сето тоа. Иако морам да кажам дека не се согласувам со некој дискутанти тука, не сакам да ги апострофирам бидејќи на сите ни беа јасни дека се бара кривицата меѓу двете конфронтирани страни. Цел свет знае кој е кривецот во овој балкански случај, кој предизвика три, четири војни и мислам дека ние не можеме да измениме нешто од она што е јавно мислење, светско мислење итн. и не случајно овие светски сили се определија и светската политика и најмоќните држави се определија да преземат такви мерки еве и со вооружени напади за да го дисциплинираат, за да го средат и по можност да го оневозможат егзодусот што се врши над еден цел народ во една држава, а тоа се во конкретниот случај за жал албанците во од Косово. Но, мислам дека тука сигурно дека ова Собрание не можеме и не сме надлежни за тоа да расправаме, иако можеме да ги кажеме нашите мислења и сугестии. Но, едно исто така не вознемири што мислам дека ние треба да бидеме на јасно како Собрание и покрај тоа што баравме порано да расправаме, се одолговлечи оваа работа, но еве дојде повторно на дневен ред, не може да се избегне. Имав дојам дека од некои и пратеници за жал, а и од политички партии веројатно од поединци се има кои ја доведуваат во прашање нашата ориентација како држава, а тоа е прозападната, односно НАТОвската ориентација на Република Македонија за која ние цело време барем овие десет години во оваа последна деценија се бориме полека,полека, чекор по чекор да влеземе преку сите инстанци, преку сите инсититуции, преку партнерство за мир за да стигнеме за до членство во НАТО кои сите ние го пожелуваме. И сега по мене добивам дојам дека на некој начин како за кај некој луѓе тоа се додаваат некои други мислења, дали е тоа добро, дали е тоа лошо, односно ние сакаме да бидеме во НАТО и во Европската унија, но НАТО и Европската унија да не биде тука кај нас. Мислам дека тоа е несфатливо по мене и не би требало такви работи, бидејќи чиниме огромни штети за Македонија и за нашиот народ во Македонија. Ние сме определени за такви структури и таа е цврста определба и од тој пат не може и не би требало да го доведуваме во прашање или да има некои вакви дискусии. Иако кажав дека тоа се поединечни дискусии, но во оваа куќа во оваа сала јас не очекував да има и такви размислувања да се доведува во прашање или да се стави под знак на прашање дали е тоа така, или дали е тоа најдоброто решение.

Исто така, она што го кажаа моите претходни дискутанти воглавном од мојата партија, е тоа и се сложувам, ги поддржувам. Не сакам сега јас тука да кажувам сцени, бидејќи тие сцени сите ги видовме. Моја оценка е дека Владата и покрај сите напори што таа ги чинеше не може тоа да се занемари, но со успех не го положи испитот, иако премиерот вчера ги пофали одредени министерства дека многу успешно ја обавиле работата. Моја оценка е дека не добија позитивна оценка бидејќи она што се случи веројатно ќе има и некои последици во понатамошниот тек и работење, живеење и движење на нашата држава.

Веројатно тие имаа некои штабови таму, видовме и на лице место иако тоа јас лично не сум го прочитал дали е формиран таков штаб иако ние немавме воена состојба прогласено, но Советот за безбедност изврши мобилизација и тоа подразбира дека треба да се формира некој посебн штаб. Тука лично мислам дека не ги видов, или многу малку ги видов тие што треба да водат со ова, а по мене мислам дека тука требаше да води Министерството за труд и социјална политика како ресорно министерство за бегалците, сигурно и другите компоненти да се приклучат кон тоа, бидејќи воглавном беше проблем бегалците. Добро е што беа вклучени и другите сегменти и безбедност и армија и урбанизам и тн. Но, мислам дека малку не најде неспремни, тоа го кажаа и колегите, јас би рекол недоволно будни, иако знаевме цело време, а посебно после Нова година од кога е оваа Влада дека секој ден може да се очекува некоја хуманитарна катастрофа на Косово, дека можат голем број на бегалци да дојдат кај нас. Ние како Влада мислам дека тука не бевме спремни, иако добивме информации и изјави на телевизии дека доколку дојде до тоа ние за 24 часа ќе изградиме кампови и ги покажуваат на топографските карти. За 24 часа јас тврдам дека не може да се стигне пешки, а не да се гради камп за прифаќање на бегалците и другите кампови. После испадна дека не сме спремни не за 24 часа, туку за 5, 6 дена да оформиме такви кампови. Требаше НАТО да дојде со шаторите, со војската и другите со наша помош да ги оформиме тие прифатни центри за бегалците за да ги избегнеме оние страшни сцени, трагедии кои ги видовме и кои беа присутни. Но, помина тој дел, сега ни се бегалците тука најголемиот дел сместен по фамилии во Западна Македонија и тоа во Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и во Скопје. И мислам дека се уште има слободни места за прифаќање на такви бегалци кои се во таква ситуација и Владата треба под итно по мое мислење, тоа е и како сугестија што ја давам да прифати што поголем број на овие бегалци кои се во прифатните центри да ги сместиме по куќи. И она што го кажаа претходните дискутанти до колку не сме во можност, ние сите знаеме што значи тоа, дека тоа е товар, но во оваа несреќа на комшијата ние мораме да му отвориме врата. Тоа е хумано, тоа е човечки итн.

И затоа сме спремни уште еден дел да се смести во овие куќи бидејќи се уште не е потполнето во Струга, во Кичево. Таму не се дозволуваше и сеуште не се дозволува од нашите органи да одат бегалците таму. Јас незнам која е и каква е таа одлука и која е таа логика да не се дозволува да одат да се сместат и да се спојат семејствата, бидејќи еден останал во Тетово, двајца во Струга, еден во Кичево и сега тоа треба да се смести. Сигурно дека треба евиденција да имаме и за тоа никој не е против и мислам дека има, тоа барем се правеше и во рамките на влегувањето на граница. Тоа сум го видел со свои очи и имаме евиденции и добро е да ја имаме и сега треба да стапи фаза на спојување на фамилии,односно она што е и обврска од меѓународните договори и конвенции што Македонија ги има потпишано како држава. Доколку државата Македонија не може да ги прифати сите овие бегалци сигурно 130 илјади, најновите податоци така укажуваат од Владата. Го поддржувам тој став што го предложи лидерот на нашата партија во договор со Албанската Влада која изрази спремност да прифати, да ги прифати и да ги транспортираме, односно да ги однесеме во Република Албанија се со цел бегалците, а тоа го бараат и меѓународните документи и конвенции, да останат што поблиску до нивните комшии, до нивните браќа за да утре кога ќе се создадат услови да се вратат таму од каде што и дошло. Мислам дека не би требало посебно кај македонската популација да има некој страв. Јас го разбирам и тоа дека има и такви моменти, дека сега многу дојдоа, што правиме, но верувајте, а тоа е мое мислење дека никој не бега од ќеиф, или што сакал да ја дестабилизира Македонија да станат тука повеќе албанци одколку што сакаме за да ја рушиме оваа држава. Никој не бега од својата куќа, никој не бега од богатството што го стекнал, но на тоа го натерала маката и ножот и бомбардирањата и убиствата за кои овде се кажаа многу зборови, јас не сакам да ги повторам. И од тој страв, Ве

молам јавноста треба да биде ослободена. Но, тоа ние треба да го гарантираме како албанци тука дека ние ќе се грижиме да ја чуваме стабилноста на Република Македонија, а тоа не наша обврска и како пратеници и како политички партии и како партија што учествува во власта и ние кои не учествуваме, бидејќи сега најважно за сите нас мислам дека е тоа да ја чуваме стабилноста на Македонија за да не дојде до дестабилизација тука. Ако дојде и тука до дестабилизација што јас лично не верувам, тогаш мислам дека не ќе се знае крајот каде ќе ни биде на сите нас тука кои живееме и тогаш сигурно дека таа хуманост ќе биде далеку по присутна. Во маките се зголемува и хуманоста.

**ИЉАЗ САБРИУ:** (Продолжение)

Од тие причини јас лично се залагам и предлагам, а тоа го докажавме до сега и добивме пофалби од премиерот дека и опозиционите партии се однесуваат доста конструктивно, јас би предложил и во иднина да се однесуваме конструктивно, да помогнеме на Владата на сите тие хуманитарни организации што беа тука спомнати,некои со право, некои без право беа и критикувани , бидејки сам сум видел доколку не беше и таа хуманитарна организациј ашто премиерот ја спомна во негативна конотација, тоа е ЕЛ ХИЛАЛ, што ја спомна Исмет, мислам дека ќе беше поголема катастрофа од таа што денеска ја имаме. Затоа, не би требале луѓето кои трчаат да помагаат, да ги ставаме во некои сомнителни вакви илионакави дејствија што сакале да прават и да предизвикуваат во Република Македонија.

На крајот, мислам дека од оваа кожа не може да се излезе. Ние сме во таква ситуација во каква што сме. На економски аспект тоа сигурно ќе се одрази. Имаме голем број фамилии кои примаат социјална помош и сега треба уште 2-3-5 души да примаат и тоа ќе се одрази. Има-ме голем број фамилии што сместуваат, згрижуваат. Но, тоа ќе го из-држиме. Бидејки во Македонија веќе од првиот ден , иако имаше и малку критика на тоа, јас ги разбирам, такви притисоци се прават за да дојде до поголема помош, јас сум сведок на тоа и од првиот ден слетуваат авиони со помош и со лекарства и со храна и со едно и со друго. Би требало сега на многу организиран начин тоа да се однесе, да оди таму каде се луѓето. Да не ги чуваме само овие кои се во камповите, туку таа помош треба да оди по населението, да се расподели така како што се распоредени и луѓето кои се како бегалци, дојдени тука како гости итн. итн.

Затоа мислам дека Владата тука, сега претстои една голема обврска пред андлежните органи да се организираат поефикасно во рас-поредувањето и делењето на таа помош.

Кога сме тука, мислам дека , исто така треба , свесни сме на загубите кои беа тука изнесени што стопанството ги трпи од оваа блокада итн., не толку од бегалците колку од блокадата од нашите соседи и од војната, мислам дека треба да бидеме многу упорни во тие барања иако знаеме дека многу тешко доаѓаат такви работи, такви помошти, такви субвенции и надоместувања на трошоците. Ние треба да инсистираме во рамките на таа помош што доаѓа, веројатно за тоа треба малку повеќе време, да не добиваме помош што ние ја имаме во изобилие. Мислам дека тоа и го прават. Но еве, за пример,"Тетекс"има на располага ње 200 илјади ќебиња. Ние не би требале да дозволиме сега да ни носат сега ќебиња од другите држави. Но, ако може тоа барем во оваа криза нешто да им помогнеме, бидејки на некој начин на индиректен или дирек-тен начин помагаме и за побрзо ефектуирање и внесување на помошта до тие кои имаат потреба, а од друга страна помагаме и на бегалцитзе.

Мислам дека Собранието треба, овие сугестии Владата, доколку ѓосподата министри кои се тука присутни, ресорни или други ако се во Координационото тело ќе ги пренесат до Владата и да преземат мерки за ублажување на траумите кои луѓето ги доживуваат во овој период

На крајот сакам да спомнам уште една работа што , доколку беше и излагањето на Претседателот на државата информациите ќе беа по-комплетни што ќе ги имавме и веројатно ќе се вклучевме во расправа. Мислам дека некои изјави и на Претседателот на Републиката, дадени на СИ-ЕН-ЕН и на вчерашната некоај конференција на новинари, мислам дека не водат кон смирување и кон добро на некои работи во државата.Впрочем тој кажа , ако можам слободно да го интерпретирам, дека ние имаме доста албанци наши тука, со популација и не ни требаат итн., повеќе не ни требаат. Мислам дека такви изјави, било да се тоа и од Претседателот на државата, мислам дека не

држат. Во ова време не би требале да предиз викале, да ги дигнеме тензиите, страстите, бидејќи ние толку сме колку што сме. Не сме ниту купени на пазар, ниту продадени. Тука сме родени, тука живееме итн. Не би требале да се сватат овие работи сега со бегалците дека некој има некоја задна намера да создава ваква или таква држава, да руши демографски состав на населението итн. Мислам дека тука не би требало, било да се тоа и најврвните функционери во државата, треба да водат сметка какви изјави даваат и што изговараат во оваа прилика. Иако реков, малку е непријатно што Претседателот не е присутен, но сепак сакав тоа да го кажам. Доколку имаме друга можност, имаме седница кога Тој ќе има образложение, ако ни се овозможи ќе се вклучиме и во таква расправа.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Господинот Бранко Црвенковски е на ред.

Повторно се извинувам.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине потпретседателе извинувањето е примено и нема потреба да се извинувате.

Почитувани дами и колеги пратеници,

Македонија , никогаш во својата понова историја не била во вака критична и тешка ситуација. Загрозена е и нејзината безбедност и нејзината економска и нејзината политичка стабилност. Можеби изгледа за некого претерување, мегутоа не би сакал, времето тоа го потврди може да се случи, да во деновите или во времето кое што доаѓа ја водиме битката за нејзин опстанок и иднината и на државата и на нашиот народ.

Војната психоза, неизвесноста, несигурноста се присутни во секое наше семејство, кај секој наш граѓанин. За жал, уште еднаш се уве ривме колку скапа работа е мирот. Се уверивме колку беа во криво оние кои се потсмеваа со "оазата на мирот" и кои тврдеа дека некој без било каква основа го плаши народот со војна.

Сигурно дека има многу причини што предизвикаа ваква ситуациј на кои што ние, едноставно како држава или како власт, како сакате,не можевме да влијаеме. И, сигурно дека ги почувствувавме последиците од тоа, без разлика што и да направевме. Но, исто така постоеја цела низа работи што зависеја директно од нас, од нашите проценки и потези и сигурен сум дека целата ситуација ќе беше далеку поинаква доколку не се правеја грешки или не се псотапуваше задоцнето.

Оваа седница на највисокиот законодавен дом е добра можност да ги посочиме и едните и другите. Или барем дел од нив со еден единствен мотив да утврдиме што е тоа што треба да се прави во наредниот период за да ја спасиме и државата и сопствениот народ.

Пред петнаесетина дена падна одлуката за воена интервенција врз Сојудна (Република Југославија. Како политичка цел на таа интервенција беше посочено заштита на албанското население на Косово од репресија и приморување на југословенските власти да ја прифатат и инплементираат меѓународната спогодба.

Поминаа петнаесет дена. Што денес можеме да констатираме?

Ние денеска можеме да констатираме дека тие цели не се постигнати. очигледно дека планерите на интервенцијата имале погрешни проценки и колку ќе трае операцијата и која ќе биде реакцијата на југословенските власти на територијата на Косово. Така што ако правиме денешен пресек на ситуацијата, епилогот е следен:

Невиден егзодус на албанското население на Косово. Тие, заради кои се, за чија заштита се презеде интервенцијата, денеска се најнесреќното раселено население на земјината топка;

Второ, полуразрушена Југославија и во секоај смисла дестабилизирани Македонија и Албанија.

Ставот на НАТО е дека интервенцијата ќе продолжи со засилено темпо се до конечна капитулација на Милошевиќ и прифаќање на поставените услови.

Ставот на Југославија, пак, е дека нема намера да отстапи од своите позиции.

Се поставува прашањето кој е можниот развој на настаните? Можеме ли ;б.арем делумно да ги предвидиме и да оцениме при какво сценаријо, во каква ситуација ќе се најдеме ние, односно РМ?

Да ја поедноставиме ситуацијата и да претпоставиме три можни сценарија што јас ги нарекувам оптимистично , средно и песимистично, иако поточниот назив и име би им биле лошо, полошо и најлошо.

А) Најдоброто нешто што може да се случи во оваа катастрофална ситуација е војните дејствија од сите страни да

престанат веднаш. Иако тоа, како што стојат работите изгледа малку веројатно.

Да претпоставиме дека е постигнат мировен договор и дека постои согласност за враќање на бегалците во нивните домови. Што значи и претходно обезбедување на присуство на меѓународен фактор за да го обезбеди тоа враќање на бегалците, при тоа во оваа прилика да не навелгуваме од кој карактер и која природа ќе биде тој меѓуанроден фактор.

Пред да дадеме оценка во каква ситуација ќе биде Македонија при вакво, како што го нареков, најдоброто можно сценарио, да имаме во предвид неколку претпоставки:

Прво, целата операција на враќање на бегалците трае одредено време. Во првата фаза потребен е период за инсталирање на меѓународнисг фактор на Косово, а во втората фаза за која што исто така зема време, треба да се операционализира враќањето на бегалците.

Второ, во ваква ситуација, можно е некоја од земјите да го откажат најавеното преземање на бегалците , со изговор дека ете, решението е постигнато и дека е најдобро бегалците да бидат поблиску до Косово за полесно и побрзо да се вратат. Впрочем, тоа овие денови преку меѓународните агенции, постојано имаме прилика да го слушнеме.

Трето, историјата , ниту постарата ниту поновата не памети при масовни егзодуси да се случило исцело враќање на бегалците, од територијата каде што се наоѓаат на територијата од каде што дошле. Да се потсетиме само на оние примери што нам ни се најдобро познати: егзодусот на Македонците од Егејска Македонија, на Србите од Книнска Краина, на Србите, хрватите и Муслиманите од Босна и Херцеговина.

Четврто, дури и кога бомбардирањата би престанале веднаш, сега, во овој момент, штетите што ги претрпе Југославија во овие 15 дена се огромни. Уништени се многу фабрики, капацитети, значајни инфраструктурни објекти, аеродроми, патни правци, железнички правци. Во долг временски еприод Југославија ќе претставува црна економска дупка во регионот. Да не заборавиме дека говориме за еден од нашите најзначајни економски трговски партнери.Од вкупната економска односно трговска размена на Македонија со светот преку 20% отпаѓа токму на размената со Сојузна Република Југославија. Главниот транзитен коридор за Македонија од и кон цела Централна и Западна Европа минува токму низ Југославија или, можеби во оваа прилика можеме да бидеме попрецизни, минуваше низ Југославија, имајки во предвид што се се случи овие денови и дали воопшто тој коридор веќе постои.

Значи, во најоптимистичната варијанта во и за Македонија ја имаме следната ситуација:

Целокупниот број на бегалци затекнати на територијата на Република Македонија, освен оние што ќе ги преземат некои други земји, во еден одреден период, значи во времето додека се инсталира меѓународниот фактор на Косово и додека се реализира операцијата на враќање на бегалците, остануваат тука, во Македонија со сите товари, економски, социјални, политички што од тоа произлегуваат.

Еден дел од нив остануваат трајно да живеат тука. Тоа за последица има одредена економска и социјална цена, пореметување на етничката карта на државата и носи опасност од зголемени меѓуетнички тензии.

Заради огромните економски тешкотии во кој ќе се најде Југославија имаме огромен пад во меѓусебната економска и трговска соработка Еден голем број наши претпријатија не ќе можат, од објективни причини да најдат ниту алтернативни пазари, ниту алтернативни партнери. Сето тоа ќе предизвика огромен пад на нашето производство, зголемвуање на социјалните проблеми и тешкотии. Ке се намалат вкупните перформанси и кредибилитет на нашата економија и нашите аранжмани со меѓуанроднит финансиски институции со ММФ и Светската банка ќе мора да се постават на сосема нови , во полоша смисла, основи.

Ветувањата за помош од Меѓународната заедница се секогаш повеќекратно поголеми од оние што подоцна реално ќе се остварат. А и она што ќе дојде во голема мерка ќе биде во форма и на начин што на нас ниту ни се потребни, ниту во дадениот момент ни вршат некаква работа. Оваа држава има искуство по санкциите што беа преземени од страна на Обединетите нации спрема Србија и Црна Гора, со бегалците од Босна и Херцеговина и да не го заборавиме тоа искуство кога сега про-ценуваме што ќе ни се случи во наредниот период.

Б) Средното оптимистично или песимистично решение односно сценарио.

За релативно, се надеваме, кус период се постигнува договор за прекин на војната. А, решението е поделба на Косово на два дела. На едниот дел се прогласува независност и таму се инсталира НАТО, а на вториот дел, останува во составот на Србија и претходно веќе во овој момент е етнички исчистено. Овој договор го прифаќаат и Србите и Албанците, а го гарантира Меѓународната заедница.

Што можеме да претпоставиме во оваа ситуација?

Делот на бегалците стационирани во Македонија, а кои потекнуваат од делот стекнат со независност, одреден период, неопходен за инсталирање на НАТО, се враќаат во своите домови. Најголем дел од бегалците стационирани во Македонија, а кои потекнуваат од делот на Косово што останува во состав на Србија , и покрај меѓународните гаранции, трајно останува во Република Македонија. Ова е посебно тешко да се спречи кај таканаречените хуманитарно згрижени лица кои се сместени по домови и за кои државата тешко може да оствари било каква контрол На тој начин ќе се предизвика сериозно и трајно нарушување на етничката структура и тоа со население кое нема однос кон Македонија како кон сопствена држава. Голема веројатност е дека меѓу бегалците има и припадници на ОВК и неможе да се исклучи варијантата за нивно поврзување и организирање на територијата на Македонија.

Прекршувањето на меѓународниот принцип на неменување на грант ците по пат на сила, што ќе биде веќе верифицирано со поделбата на Косово, ќе биде охрабрувачки сигнал за екстремните албански структури дека е можно слично сценарио и во Македонија. Велам за екстремните, не за сите.' Не велам за политичките партии застапени во овој Парламент. Говорам за екстремните албански структури, а некој нека ме демантира дека такви нема во Македонија. Може со голема веројатност да се прет-постави дека ќе имаме во голема мерка влошени меѓуетнички односи и псотојано присутни меѓуетнички тензии на ивица на судир.

Можна е понуда во тој случај од Меѓународната заедница за посредување меѓу двете најголеми етнички заедници во Македонија, а инфраструктурата меѓународна за организации, било цивилни или воени не треба допрва да доаѓа. Таа е тука, во Македонија за таква ситуација.

Што се однесува до економските штети заради опаднатата економско трговска соработка со Југославија и отежнатиот транзит низ неа, остануваат исти како во претходното оптимистично сцентарио.

В) Песимистично, меѓутоа не и најцрното сценарио.. За тоа не би сакал денвска да говорам за најцрното.

Воената интервенција продолжува во подолг временски период. НАТО алијансата е решена да оди до крај, а Милошевиќ не е подготвен да направи било какви отстапки.

Воздушните напади и покрај разорните ефекти не обезбедуваат владеење на теренот. Во западните престолнини и медиуми во последните неколку денови, ако ги следите работите, се почесто се спомнува зборот "копнена интервенција", што може да значи подготвување на јавноста за таков чекор. Копнена интервенција со главен фокус на дејствување кон територијата на Косово може да се изврши само преку Македонија и во многу мал дел, заради немањето на инфра структура и лошата конфигурација на теренот преку Албанија. Таквата војна, макар и попримила герилски тип може да трае со години. Во тој случај Македонија е директен учесник во војната со сите консеквенци што од тоа произлегуваат. Целата држава, во тој случај ќе ни се претвори во бегалски камп и во воена база. За суверенитет, територијален интегритет или економски систем , во таков случај, додека трае војната и се додека не се постигне мир, воопшто д ане говориме. Тие нема да постојат. На крајот на таа војна, тогаш кога до тој крај ќе дојде, веројатно ќе се организира мировна конференција за регионот на која ќе се одлучува за новите држави или за државите со нови граници.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ** (продолжение)

Впрочем, историјата на Балканот перманентно се повтррува. Да се потсетиме на неа. Се разбира, можеме ние хипотеТички да разговараме и за многу други сценарија или да праиме мешање во комбинациите и на овие претходно три спомНати. Шјлошо е ако воопшто не размислуваме на оваа тема и ако постојано дозволуваме настаните да не изненадуват и да немаме подготвено стратегија како со нив ќе се справиме. Одговорна власт нема задача постојано да објаснува кој е виновен за тоа што не снашло. Одговорна власт мора да презема мерки превентивно да делува да се спречи тие лоши настани со сите свои последици да дојдат и да се реализираат.

Дозволетеми сега да се задржам на едно прашање кое во изминатите денови беше многу присутно во нашата јавност, а тоа е дали во нашата земја во изминатите две недели расте антизападното или анти НАТО расположение. Морам да кажам дека свој негативен придонес кон создавањето на тензии по ова прашање даде директо Владата односно премиерот низ една своја изјава каде ги оквалификува граѓаните, организациите, партиите и медиумите кои се осмелија да искажат поинакво мислење или несогласуваше со тоа што се случува во оваа држава дека се ширачи на некаква анти НАТО и анти Западна ориентација во РМ. Се разбира дека тоа и самиот ги осудувам насилничките и вандалските однесуваша кои имавме прилика да ги видиме по скопските улици. Тоа е сосема нешто друго. Тоа треба да се осуди и за тоа треба да преземат орговоност да го санкционираат надлежните институции во оваа држава. Но, што во тој случај да кажемеазвчерашниот или завчерашниот настап на премиерот. Дали и тој влегол во некоја таква антизападна или анти НАТО варијанта.

Она што во овие денови во Македонија е присутно кај најголем дека од луѓето и граѓаните и да не си го осудуваме народот повеке отколку што треба не е ниту анти НАТО; анти западно расположение, туку анти воено расположение. Нашиот народ има наталожено историско искуство не сака војни, не сака убивања, не сака разурнувања и знае дека секогаш кога во овој регион, на овој Балкан дошло до војна таа војна никогаш ништо добро не му донела. И немојте да си го оквалификуваме нашиот народ дека се откажал од своитгстратешки определби за ЕУ или НАТО само заради тоа што не се согласува со војна не тоа е нешто за што треба да го судиме, туку тоа е нешто што треба да го послушаме како пратеници во овој Парламент или како министри во оваа Влада.

Стратешката определба на РМ за наше интегрирање во Евроатланските структури останува, таа е цврста, околу неа имаме концензус, таа не е спорна. Меѓутоа, се поставува прашањето дали покрај таа стратешка определба да се интегрираме во евроатланските структури или дали имаме барем право да се изјасниме по поодделни активности на тие асоцијации, па дури тогаш кога директно не засегаат или после-дицитe од некои активности ни нанесуваат директни штети.

Затоа предлагам подоцна тоа ќе го повторам, денешната седница на Собранието да ја искористиме сите заедно со концензус да донесеме еден заклучок да упатиме апел сите воени дејствија од стие страни на регионот да престанат веднаш и повторно да се пристапи кон преговорачкиот процес. Тој апел Владата како извшрна власт во оваа држава да го препрати и обзнани пред целата Меѓународна заедница. Тоа не е анти НАТО став, тоа не е анти западен став. Тоа е став за мир во регионот, регион во кој нашата држава егзистира и во кој нашиот народ си го бара своето место под сонцето.

Понатамошното продолжување на овие воени ужаси не носи никому добро. Денеска ги слушам внимателно дискусиите. Ги слушав и на нашите колеги албанци или претставници на албанските политички партии во Македонија. Многу е лесно тие да говорите дали НАТО да продолжи бомбардира седнати овде во Парлаемнтот и кога некој друг на свој грб ги трпи сите тие штети. Многу е лесно овде некои други пратеници да го искажуваат своето херојство како треба да се решава надвор од границите на Македонија, но притоа ако заборавате дека е тоа само на 20-30 км.воздушн а линија од овде и дека веќе во Македотнија постои воена психоза со сиот ризик таа војна да се префрли овде во Македонија, мислам дека ќе бидеме далеку поддговорни кога ќе искажуваме било ромагичарски, било патриотски чувства околу тоа и што треба да се случува некаде во регионот околу нас.

Почитувани пратеници, дозволете ми сега да се задржам и на погрешните проценки и потези или задонето реагирање од наша страна или поточно речено од страна на Владат ана РМ кои во голема мера придонесоа да се најдеме во ваква катастрофална ситуација. Нашата Влада во целиот овој ЛНриод имаше и има целосна конфузија во своите приоритети. Тоа предизвика несериозно и неодговорно однесување, потценување на некои исклучителни важни проблеми, донесување на лоши одлуки или на добри одлуки во погрешен момент или ги стави во функција задоцнето. Народот бара власт не за да му кажува дека власта на некоја друга држава му е виновна за тоа што го снашло, туку да му ги решава проблемите. Ако една Влада има проблем да ги предвидува настаните и ако нема стратегија како со нив ќе се справи, како што јас имам впечаток дека нашата Влада нема стратегија, тогаш најмал ризик е да се згреши, повторно ќе речам прифатете го ова најдобро намерно. Најмал

ризик е да се згреши ако цврсто и да не речам слепо се следат следните приоритети. Прииритет број 1 повисок и појак од било кој друг е заштита на сопствените национални државни интреси.

Приоритет број 2 ама број 2 не е конкурентен на број 1 тоа е одговорноста пред Меѓународната заедница и меѓународните конвен-ции.

Приоритет број 3, а можеби треба да биде и 23 тоа е обврската кон коалиционите партнери. И во една нормална ситуација, во едни нормални околности воопшто не би го споменувал четвртото, меѓутоа, заради некои работи што ни се случуваат во оваа држава, морам да го спомнам како некаков следен приоритет, а тоа е обврската кон некакви персонални или теснопартиски кадровски комбинации кои во оваа ситуација се апсолутно неприладни.

Факт е дека владината коалиција го потцени косовскиот проблем, а посебно проблемот кон бегалците. тоа отпочна уште до предизборниот период кога не обвинувавте дека намерно го заплашуваме народот. Директно го бЅвинивте и претседателот на државата, тогаш кога го спомна планот коридор доколку дојде до масовен прилив на бегалци. Дури имавме прилика овие денови на Пррес конференција во име на Владата да слушнеме министер, претставник на Владата кажа во нашата Влада е забранет за употреба зборот коридор. Тоа е господинот министер за информирање Реџеп Златку. Факт е дека сите други се подготвуваа на еден или друг начин за ова што сега се случува цела Македонија се замајаваше вклучително и Владата и сите нејзини ресори со еден тотално пропаднат проект уште од самиот почеток, а тоа е проектот Тајван, гледано од аспгт на актуелната ситуација, тој проект освен што ни нанесе меѓународни политички штети освен што очигледно е веќе гледаме не донесе никакви пари, ги слушаме изјавите почнаа со милијарди долари, па со стотици милиони марки на крај со денари, на крај ќе завршите со турски лири само бројката да изгледа поголема. Тој проект сврши една единствена работа гледано од аспект на оваа ситуација, а тоа е дека ја извести Македонија од под сигурносниот чадор на Обединетите нации и го избрка УНПРЕДЕП од Македонија и се создаде широк простор за влегување на други воени структури во Македонија. Дали е тоа случајна последица на еден погрешно замислен авантуристичкипроект или целиот проект всушност се направи за да се постигне еден таков ефект, ке покаже времето, можеби многу брзо.

Факт е дека се изгуби драгоцено време давајќи лажни информации во јавноста за бројот на бегалците, веројано со добра намера, сметајќи дека на тој начин треба да се смири јавноста, да не се предизвика паника, па се кажуваа преполовени цифри или бројки за тоа кој број на бегалците е присутен во Македонија. Се направи катастрофална грешка давајќи го третманот на хунанитарно згрижени лица и разместувајќи ги луѓето по куќи, по домови. Тоа може да се толерира до една одредена граница наприимер тешко е да се постигне можеби до 10.000 бегалци после тоа работата излегува од контрола, како што всушност ни се случи. Не доволива работа беше да се дозволи улогата на државните институции да ја преземе една политичка партија ПДПА без разлика што е владин коалиционен партнер таа да прави списоци во кој град, во кое село, во кое семејство колку бегалци ќе се сместат. Тие списоци се кај неа не кај вас односно кај државните институции. Тоа е недозволиво во една организирана држава. Не може гаранција за РМ да биде ставот на ПДПА. Ние гарантираме дека бегалците еден ден ќе се вратат во друга држава. Овој народ гласаше за партии, за власт, за државни институции, а не за ПДПА да им гарантира што ќе се случи со државата.

За целосно губење на кредибилитетот на Владата придонесоа контраверзните одлуки од типот, ќе ги сместуваме бегалците во училишта или во спортски сали, па непоминале ни 24 часа се отповикуваат истите луѓе или се даваат соопштенија во јавноста дека над Македонија тоа што го слушате почитувани граѓани се руски авиони, па потоа хелихоптери па набљудувачки авиони, а секој ден ни паѓаат проектили дури и цели авиони овде во Македонија. Народотн не сака да го лажете. Самиот е уплашен, тој доволно е свесен за целта ситуација. Многу повеќе ќе го фати поаника ако гледа лажни информации, нешто што е лесно проверливо и дек е неточно.

Факт е дека повеќе се веруваше на ветувањата дадени од страна на странски државници или претставници одколку на добронамерните укажувања давани од страна на опозицијата и јавноста во РМ. Сако да ве потсетам до пред 15 дена во истиот Парламент и од прилика во исто ова време говорев на оваа тема, говорев за тоа што може да ни се случи со бегалците, вие не сакавте ни да сослушате, сметавте дека е

тоа нешто неверојатно, а денеска велиме за 130, 150, а некои проценки велат за 180 до 200.000 бегалци. Сватете го ова што денеска говориме не е тоа со зла намера позиција или опозиција, една: ни е државата. Се направи катастрофална, погрешна проценка дека сега во оваа ситуа-ција е моментот Македонија да профитира наместо да гледаме како да биде зијанот или штетата помал, како Македонија да профитира и минис-терот за надворешни работи во Владата на РМ г-динот Димитров тргнува по еедна Европска турнеа со цел да не примеле во ЕУ и НАТО наместо да оди да бара однапред преземање на обврска за прием на бегалци или за некаква помош, тој тргнува во една амбициозна турнеа во која ќе се избори Македонија веќе утре да стане членка на ЕУ или НАТО. Не гледа дека државата ни се тресе.

Министерот за урбанизам изјавува на телевизија дека за 24 часа ние ќе изградиме кампови за бегалци. За 24 часа шатор не може да подигне. Кој е виновен за тие работи? Европска Унија, НАТО? Одговорноста е тука во Македонија и нема бегање од таа одговорност.

Во претходните неколку месеци се подигаше температурата во Македонија и се создаваше атмосфера за исклучително создадената позитивна енергија на односите со соседите Бугарија, Грција, едните главни спонзори другите главни инвеститори итн. Каде се сега тие? Кај се сега кога овде ни висат 150.000 бегалци.Кој ја прокоментира во име на Владата и власта вчерашната изјава или завчерашната на Бугарија дека е подготвена во своите капацитети само да прими македонци од Западна Македонија. Што Софија прејудицира со тоа во Македонија, поделба на Македонја? Кој треба да одреагира за тоа?

Во еден момент кога бројот на бегалците сеуште беше контролабилен Владата донесе одлука да ја затвори границата. Само после неколку часа под притисок на коалициониот партнер ПДПА, се отвори границата, Тоа е одговорност на оваа држава и на оваа власт. Што е тоа што всушност се одлучи на Советот на национаѕша безбедност на која еве во текот на вчерашниот ден имавме прилика да слушнеме дека се повикуваат и премиерот и претставници на Владата, претседателот на Собранието всушност на Советот за национална безбедност се донесоа мерки кои се сегмент од Планот коридор кој е подготвен уште од пред две години. Што значи тој план? Тврдо чување на нашата северна грнаица, контроли-ран прилив на бегалци и носење право во прифатни кампови не по куќи и домови и од тука транзитирање по пат на коридори до земји кои сакат да ги прифатат, но и до земји кои во тој момент не се подготвени да ги прифатат, меѓутоа, ако им ги искрцаме на граница ќе стане и нивен проблем, не само наш.

Се разбира дека овој пристап носи свои ризици. Кои се тие ризици? Ќе бидеме изложени на критика на Меѓународната заедница. А на што сме изложени овие неколку дена? Истото тоа не ни бега. И сега сме изложени на критики заради тоа што така постапила Владата, меѓутоа, една е работа кога целата таа операција ќе тргне при 10 или 15.000 бегалци прилив, а друго е кога почнува да се применува на 100.000 бегалци и кога целата ситуација е надвор од било каква контрола.

Втора работа, можно е да биде Владата изложена и на притисок од коалициониот партнер, меѓутоа, видете, ние овде зборуваме за опстанок на државата, како да ја сочуваме неа, каде ќе правите коалиција ако ја изгубиме државата. Не може тој приоритет да биде на исто рам-ниште со приоритетот на заштита на националните државни интереси.

Собранието на Републиак Македонија на својата седница одржана на 24 март со консензус донесе заклучоци кои Владата ги прифати и презеде обврска ургентно да ги спроведе.

Во оваа прилика би сакал да ве потсетам на два од тие закчока. Првиот, под итно да се воспостави правна рамка, да се регулира престојот на НАТО во Македонија во кој договор ќе се регулира мандатот, целите, струкгурата и бројноста на НАТО силите во Македонија.

Второ, заклучок дека територијата на Република Македонија не може во никој случај да се користи за напад на некоја соседна држава, што инаку како заклучок би требало да стане дел од договорот спомнат во претходниот заклучок, договорот кој би го склучиле со НАТО за престој на нивните трупи во Македонија.

Поминаа 15 дена, тогаш тој заклучок го донесовме како ургентен, како хитен. Поминаа 15 дена таков договор и правна спогодба не е постигната. Се поставува прашањето кој ја влече работата, кој ја кочи работата, дали е тоа од наша страна или од страна на НАТО и со какви цели тоа го прави. Тоа не може ние да не не интересира или да немаме спремен одговор

на тоа. Уште повеќе имајќи го предвид кои се можните сценарија за понатамошен развој на воената интервенција спрема СР Југославија уште повеќе не завчерашниот Прес, па дури и на вчерашната седница премиерот Георгиевски рече дека ако од Македонија се побара користење на нејзината територија, тоа ќе биде прашање што ќе се разгледува на овој Парлемент. Тоа прашање ние го разгледувавме во овој Парламент, донесовме став по тоа прашање, дали ова значи дека Владата остава подотворена врата или заговара ревидирање на еднаш веќе донесениот став од страна на Собрнаието на Република Македонија. Тоа се оапсни работи со опасни консенквенции и последици кои можат од тоа да произлезат оти некој тој сигнал ќе го разбере така дека е тоа по-зитивен сигнал, дека може Македонија да го промени ставот по тоа прашање.

Во воаа прилика би сакал да го искажам нашиот став како став на СДСМ, на Парламентатната група, дека инсистираме овие заклучоци донесени на претходната сендица на Собранието на Република Македонија пдо итно ургентно да се реализираат од страна на Владата.

Социјал демократскиот сојуз на Македонија почитувани пратеници како најголема опозициона партија во целиот овој период се однесува крајно одговорно и сериозно свесна за тежината на ситуацијата и свесна за тоа колку се поважни и побитни националните и државните интереси од партиските интереси. Заради тоа учествувавме во расправата на Собранието на претходната седница и гласавме за заклучоците што сите едногласно ги донесовме. Јавно ги повикавме граѓаните на Републик, Македонија мирно и достоинствено да се однесуваат во оваа ситуација. Во целост го прифативме апелот на минситерот за внатрешни работи дека сега не е добро да се организираат собири и јавни протести од било кој тип се со цел секој човек припадник на Министерството за внатрешни работи, на полицијата да може да се стави на располагаше да ги врши своите задачи на границата каде е најнеопходно. Ние тоа го направивме.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (продолжение)

Веќе две недели СДСМ не одржал ниту ПРЕС конференција, ниту дал соопштение, се со цел да и остави на Владата мирно да може да се сконцентрира на овие проблеми, со кои што објективино се соочува и би биле тежина за било кој состав на Влада, без разлика кој е на власт , кој е во опозиција.

Се поставува прашањето дали на ист начин како што беше опозицијата сериозно е одговорна, дали во истиот овој период Владата или некои нејзини министерства, исто така, крајно сериозно и одговорно се однесуваат.

Вчера во своето излагање премиерот спомна неколку министерства, кои што ги истакна заради својот ангажман, ги пофали останатите и рече, јас сум тој кој што гарантирам дека луѓето работат во 24 часа дневно само да се решаваат овие проблеми. Се поставува прашањето , во кои од 24 часа министрите или претставниците од владината коалиција изгубија време да се расправаат околу тоа кој ќе биде директор на НИП "Нова Македонија". Дали сега најдовте да ви биде тоа главниот проблем да ги решавате меѓусебните проблеми, кои се чисто персонални, кога велиме дека државата зависи и далидржавата ќе опстане. Тогаш кога велите дека секој човек е потребен на граница 10 полицајци ја чуваат канцеларијата на Сободан Чашуле или незнам кој е Нове Цветановски во "Нова Македонија". Дали е тоа одговорно однесувањ на Владата?

Дали во овој период кога на министерот за финансии, не 24 часа 48 часа дневно ќе му бидат малку, бидејќи се што донесовме на минатата седница, буџет и тн, требаше да донесеме макроекономска политика, веќе не држи. Се треба да се ревидира, се треба да се менува.

Дали сега најде време да прави преку 200 кадровски разрешувања и именувања и да води кадровска политика во ресорот Министерство за финансии. Дали сега кова Владата упати јавен апел до целото министерство за здравство и до целокупното здравство дека треба натчовечки ангажмани од секој припадник во здравството, сега ли се најде време и момент да се вршат кадровски чистки по клиниките на Државна болница и на Медицинскиот факултет во РМ.

Минатата седница пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго, стана говореше на некоја тема односно темата околу буџетот, имавме реплики и тн. Парламентарна расправа. Другиот ден се истураат 100 луѓе припадници на МВР, Хправа за јавни приходи во СИЛЕКС, тогаш кога веќе почнуваат нападите на Југославија. Се поставува прашањето дали СИЛЕКС ќе побегне од Македонија. Нели можевте да го решававте проблемот понатаму или пред ова да се случи? Ова говори дека , додека ние сите сме загрижени околу тоа што ќе ни

се случи со државата, се наоѓа време да употерби или злоупореби ситуацијата, да се расчистат патем и некои други работи.

Затоа, предлагам владината коалиција ако навистина е подготвено одговорно и сериозно соодветно на ситуацијата да се однесува да прог-ласи мораториум на активности од овој тип. Немојте да внесувате допол-нителна нервоза меѓу граѓаните, ако веќе самите говорите дека е ова ситуација во која што сите треба да бидеме заедно да се брани суверенитот, интегритетот на државата.

Вчера премиерот даде информација пред ова Собрание со која се обиде на некој начин да делува смирувачки на населението. Да го убеди народот дека ситуацијата е под контрола и со бегалците, и со безбедноста и тн. и дека нема простор за некаква посебна паника за вознемиреност и тн. Би сакал да му дадам еден совет . Информацијата што вчера ја даде е во ред. Меѓутоа, исто така добро нема да повлијае на чувството кај граѓаните на РМ дека се е во ред и можат да се чувствуваат мирно и безбедно и да веруваат во стабилноста на својата држава и нејзината иднина, нема да одигра таква улога, ако или до колку не ги повика своите двајца колеги од владината коалиција, претседатели на другите две политички партии да си ги доенсат семејствата, жените и децата сега во Македонија. Па, народот ќе види дека тие што одлучуваaa за неговата иднина тука им се семејствата, посигурни ќе бидат дека навистина власта води грижа и прави добри проценки околу тоа што ќе се случува во државата.

Вчера Лремиерот изјави дека опозицијата во целиот овој период се однесувала сериозно и одговорно кон националните и државни интереси. Апсолутно жалам што неможам да му возвратам со таков комплимент. Напротив, по моја и по наша оценка Владата се однесуваше несериозно, неодговорно и конфузно. И, немојте да посмислите дека во име на некаква конструктивност СДСМ ќе седи мирно и со скрстени раце да гледа како му се распаѓа државата. Или водетеја оваа држава соодветно на ситуа-цијата, или обелоденете дека оваа коалиција не е способна тоа да го прави, па да се бара друго решение.

На крајот, до Собранието ги предлагам следните заклучоци: Прво, Собранието да донесе заклучок со кој ќе упати апел за прекинување на воените дејствија од сите страни и враќање на преговарачката маса.

Второ, итно спроведување на заклучокот од" минатата седница за потпишување на правна рамка за регулирање на престојот на НАТО силите во Македонија со вградување на ставот за некористење на нашата територија за напад на бкло која соседна држава.

Трето, активирање во целост на проектот транзитен коридор без разлика на странските и коалициони притисоци.

Четврто, трансформирање на статусот хуманитарнозгрижени. лица во статус бегалци и перманентно пополнување на упоразнетите места во бегалските кампови со лица сместени по семејствата. Петто, сите активности кои ПДПА ги вршеше околу бегалците под итно да си ги преземе Владата и нејзините надлежни институции, без разлика дали тоа ќе предизвика некаква коалициона нервоза или проблеми.

Шесто, безкомпромисно дејствување на Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и другите надлежни институции околу било какво паравоено организирање на нашата територија. Во таа смисла би сакал, штета што не е тука министерот за внатрешни работи, се надевам дека ќе му биде пренесена оваа порака, да побара од него да ја продолжи акцијата која што беше покрената и која што стигна некаде до својата средина, а која што во јавноста е позната под терминот "Бомбаши и бомбашко подметнува&е во РМ" , заклучно со судењето во Кичево. Таа акција со многу аргументи и докази требаше да продолжи понатаму и таа беше прекината веднаш после изборите. Неможе во име на никакви виши интереси, во име на некаков коалиционен мир да се прекинува акција која што засега кон директни рушители на уставниот поредок на РМ. Се што денеска се пропушти , утре двојно или тројно ќени се врати.

Седмо, прецизно и без било какви компромиси спроведување на Законот за државјанство. Во врска со тоа да ја искористам оваа прилика, сите оние идеи што ги имаше Парламентарното мнозинство за менување на Законот за државјанство, за олеснување на можностите за прием на државјанство, во оваа ситуација заборавете ги. Може само да размислувате во спротивен правец.

Осмо, овој Парламент да донесе заклучок да упати остар протест до власите на Република Бугарија околу изјавите на премиерот Костов и министерката за надворешни работи Надежда Михајлова, во која вели дека нивните капацитети можат да

стојат на располагање само за прием на бегалци македонци од западна Македонија. Исто таков протест и демарш да вложи и Владата на РМ односно Министерството за надворешни работи.

Деветто, веднаш да се ревидира целата макроекономска политика на РМ соодветно на новите услови и соодветно на оние околности, кои што со голема веројатност можеме да ги предвидиме дека ќе ни се случат во наредниот период. Тоа се однесува и на фискалната и кредитно монетарната и на сите други елементи на макроекономската политика.

Десето, Владата да размисли дали не е неопходно да формира посебни штабови за пооделни стопански гранки во кои што, покрај ресорните министерства , ќе бидат вклучени и луѓе од стопанските субјекти, од Стопанската комора, од синдикатите, бидејќи сега е ситуација во која што треба овие проблеми со кои што ќе се соочуваме , да се обидеме превентивно да обезбедиме што е можно поширок консензус односно побезболно да ги надминеме.

Еве, ви благодарам за вниманието и не би сакал некои од работите што денеска ги говорев времето да ги потврди, како што навистина жалам што некои од работите што ги говоревме пред две недели на оваа седница, денес можеме да констатираме дека ни се случуваат, а вие на нив гледавте со недоверба, па дури и несакавте до крај да не сослушате. Се надевам дека тоа ќе биде едно заедничко искуство, едно заедничко корисно искуство во наредниов период и да се сослушуваме и по малку нешто да поприминме ако е тоа во корист на државата, ако е тоа во корист на македонскиот народ, во корист на сите граѓание на РМ. Благодарак

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Му благодарам на г. Бранко Црвенковски.

Збор има г. Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ**:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во долгото паметење на народите се и нивните преселби предизвикани од разни војни, болести или егзистенцијални барања. Бегалците биле и остануваат страдалници од последиците на разурнувањата и разорувањатанивните огништа. Република Македонија се соочи со огромен број и голем бран на бегалци од Косово и Метохија. Свесни сме дека можеме да им помогнеме онолку колкави се и нашите реални можности. Факт е дека помогнавме и сеуште помагаме да се спасат животите на овие 130 илјади луѓе. Тоа го правиме раководени од хуманоста и желбата да се излезе во пресрет на луѓето, кои се во тешка и скоро безизлезна положба. Сочуствуваме со нив, им помагаме и над нашите реални можности и потенцијали. Затоа и побаравме помош од Меѓународната заедница. Но, проблемот е и ќе биде присутен во својата неизвесност на траење. Оценка е дека ќе се соочуваме со овој проблем онолку долго, колку што ќе трае и војната на север. А, потоа следи обновата и враќањето на овие бегалци, што може да биде спор процес со споредни компликации и несакани ефекти.

Искуствата на бегалците од Босна и во други земји, кои сеуште со години чекаат на враќањето во своите домови не поттикнува на ваквото размислување. Оттаму, дејствувањето на политичките партии во земјата треба да биде принципиелно и сообразно на потребите и интересите на земјата. Тоа се ситни интереси на некои политички партии кои можат да доведат до последици. Да ги оставиме партиските интереси настрана за одреден период, зашто проблемот е многу сериозен и бара единствено постапување и дејствуваше, за да не се создадат несакани последици за иднината на земјата.

Република Македонија и нејзините институции на системот преземаат и ќе преземаат мерки нашата држава да не биде вовлечена во оваа војна. Засега тоа се чини многу успешно и граѓаните се свесни и го почитуваат ангажирањето на Владата, на претседателот на државата, ангажирањето на Парламентот, на министерствата и на сите повикани институции. Меѓутоа, сеуште не се до крај изразени последиците кои ќе настанат на економски и социјален план во РМ од војната во Југославија.

Изгубениот пазар, запирањето на производството во многу фирми кај нас и последиците од тоа висат како потенцијална опасност за дестабилизирање на состојбите во земјата. Неопходни се итни мерки и поттикнување од државата во изнаоѓањето на решенија за излез од овие состојби. Изгубеното тешко се надоместува. Се сеќавате на последиците од санкци-ите спрема Југославија кои на РМ и нанесоа штета која досега не е ком-пензирана. Оттаму, неопходно е , покрај барањето упатено во Меѓународната заедница за помош на Македонија во санирањето на штетите предизвикани од последиците на војната на север, да се ангажираме со сите сили за пробив на нови пазари и за

преструктуирање на стопанството и производството на новонастанатата состојба.

Колеги, вие сте доволно свесни дека во оваа прилика поразените политички сили во земјата се обидуваат за враќање на сопствениот рејтинг, меѓутоа, во тоа нема да успеат, будејќи наместо да ја согледуваат реалноста, се враќаат назад, онака југоносталгично со разни режисери, сценарија, тоа се игри на кои нетреба воопшто и да посветиме внимание. По моја оценка за политичкобезбедносната состојба во земјата е стабилна и трајна , а за што гаранција се цврстите, искрените меѓуетнички односи во Македонија. Кој поинаку мисли сам се лаже , а посакува да ги излаже и другите, меѓутоа, во, тоа нема да успее. Македонија оди напред и сигурно чекори во економски развој. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на Аце Сајковски.

Збор има пратеникот Раде Каранѓелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани господа пратеници,

Јас би се осврнал на некои принципиелни ставови на политчко безбедносната ситуација и нормално оценка дали Владата односно институциите на системот, така да кажеме, го положиле испитот во овие први 15тина дена од егзотусот што ни се случи.

Демократската алтернатива од самиот почеток на косовскиот конфли се залагаше и со својот повик за мир, кризата да се реши по мирен пат и политички средства. Впрочем, повикот за мир ги реафирмираше нашите познати ставови во функција на избегнување на масовни човечки страдања и жртви.

Демократската алтернатива смета дека мировниот процес мора веднаш да продолжи и заради што е неопходно веднаш да се прекине со воените дејствија и употреба на сила од сите страни во конфликтот, а надеж дава еднострaниот прекин во воени дејствија одреден од страна на Југославија, како и можно продолжување на работа на Контакт групата врз основа на иницијатива од Русија и ...

Повикот до сите партии, здруженија на граѓани со одговорно и совесно однесување да се попречи инволвирање на РМ во Косовскиот конфликт, имаше позитивен одзив и ние во оваа прилика го изразуваме нашето задоволство во таа насока. Со оглед на фактот дека не постои поголем национален државен интерес од мирот и стабилноста на РМ и ние оваа шанса несмееме сега да ја испуштиме.

Во овој момент од исклучителна важност е одржувањето на економските и другите текови, како и нормално функционирање на институциите на системот и покрај потешкотиите кои настанаа.

Ценејќи дека егзодусот на бегалците добива катастрофални размери кои ги надминуваат економските и другите капацитети на РМ , апелиравме до земјите во регионот, Меѓународната заедница и светското јавно мнение, да преземат итни и енергични мерки за решавање на хуманитарната криза. Исто така, од почетокот го афирмиравме нашиот став, територијата на РМ да не се користи за напад на било која соседна држава. во оваа прилика треба да се спомене дека и Собранието на Република Македонија донесе заклучоци на 24 март оваа година, за кои со задоволство можеме да констатираме дека по истите се постапува односно дека без исклучок сите заклучоци се реализирани или се во фаза на реализација.

Што се однесува до политичката клима сите граѓани на Република Македонија ја чувствуваат политичката клима во РМ, која може да се оцени досега како релативно позитивна во однос на сите политички субјекти односно партии. Но, секако, треба во овој миг да се обрне внимание дека искористувањето на овие услови за политички маркетинг не само што е контрапродуктивно туку е крајно неодговорно.

Собранието, исто така, покажа висок степен на одговорност со концензусот при донесувањето на споменатите заклучоци, што е исто така показател на чувството на одговорност за ситуацијата во која ни се наоѓа државата. Меѓутоа, рековме дека Владата и институциите на системот, секако, при оваа прилика и по експозето на премиерот треба да се оцеии од нас пратениците. Секако дека сета оваа криза и проблемите кои се појавија како продукт на истата announcement неможат да се решат без функционирањето на институциите на системот, имено, пред се, Владата со своите министерства.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ**:
(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јавноста ги следи и ќе ги следи преку редовни прес конференции и други јавни настапи и изјави на политичката

и безбедносната ситуација, но јас би напомнал дека оценката за функционирањето на било која институција се базира пред се, под организацијата активностите и конечно резултатите на таа институција. Се разбира, работата не е ни малку едноставна, премногу е сложена, треба да се земат пред-вид особено битните елементи, од кои еден од најбитните е временскиот фактор, односно брзината на случувањата на сите настани по кризата.

Јас би се осврнал на некои поважни активности, со тоа што не го давам приоритетот на педини министерства. 'Министерството за надворешни работи. Воглавно она што сле-диме има активности во три сегменти. Прво, прифатот на бегалците од Република Македонија во соседните земји и други земји. Према податоците од вчера бројките се од прилика 6000 бегалци за Норвешка, 20 илјади бегалци за Турција, 10 илјади бегалци за Германија, 20 илјади бегалци за Америка, 5000 бегалци за Канада, некој се најави, а некои веќе се реализираат и до 20 илјади бегалци за Албанија и тн.

Вториот сегмент, во кој е вклучен како активност Министерството за надворешни работи е хуманитарната помош на бегалците и тука мора да спомнеме во оваа прилика благодарност до многу европски земји, Израел, Иран, Тајван и други за хуманитарната помош кои ја додоа; Обештетувањето, односно компензацијата на штетите како третиот сегмент, кој ги трпи Република Македонија заради косовскиот конфликт и тоа по проценките од Владата, една ипол милијарда долари за оваа година или 120 до 150 милиони долари месечно трпи нашето стопанство. Понатаму, само од прекинот на договорите со Југославија и добавувачите на суровини и репроматеријали и друго до сега е направена штета од сса 200 милиони долари. Министерството за надворешни работи своите активности ги насочи во барањето од Меѓународната заедница за поддршка на Буџетот, кој и онака е рестриктивен и поддршка на платнобилансната позиција на Република Македонија. Потоа отпишување и репрограмирање на долговите кои само за 1999 година изнесуваат 188 милиони долари. Потоа активностите за влегување во НАТО. Тука јас би се задржал на принципиелните ставови, кои во неколку дискусии беа споменати. Ние знаеме дека 1996 година Република Македонија пристапи во Партнерството за мир. Меѓутоа, со тоа пристапување знаеме дека база на сето тоа е СОФТ аранжманот и исто така во заклучоците од 24 март о.г. на ова Собрание, еден од заклучоците беше да се дооформи правната рамка која беше спомната вечерва. До оформувањето на оваа правна рамка за мисиите на НАТО, према моите информации веќе е започната реализација, односно експертите од НАТО со нашите експерти од таа област веќе потпишаа, односно усогласија и подготвија 11 анекс договори, кон Договорот партнерство за миер, така да со ова се потврдува дека веќе е започната работата по зак-лучокот на Собранието и тоа е за поздравување.

Освен НАТО, познати се и други активности на ова министерство, нормално, Европската Унија, знаеме што се случува сега, други билатерални односи со европските земји и сл.

Министерството за одбрана. Сепак сме свесни дека армијата ги чува границите на Република Македонија, без инциденти и да се надеваме дека така ќе продолжи, ниту имало некој посериозен инцидент, ниту има сега. Границата према Југославија и Албанија е целосно покриена, постои координација помеѓу ова Министерство и Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи, знаеме дека таа координација е преку Министерството за одбрана и други министерства, кои се битни во чувашето на целиот овој комплекс, пред се со бегалците, со Министерството за здравство, сообраќај и врски, урбанизам, труд и социјална политика и тн.

Министерството за внатрешни работи. Јас реков, освен активностите и организацијата, секако резултатите треба да се погледнат дали имаме ние некои посериозни инциденти во државата. Тие резултати треба да ги цениме и сегашната состојба и политичка и безбедносна. Досега не се потврдија пласираните тези кои се обидуваа да докажат дека ситуацијата е нестабилна, впрочем ситуацијата е обратна. Не е забележано посериозно нарушување на јавниот ред и мир во Република Македонија.

Министерството за здравство. Самиот факт дека ситуацијата се држи под контрола, односно нема сериозни нарушувања на здравјето на бегалците, или недај боже некоја епидемија, покажува дека е направено се што се може во овој сегмент со извонредни залагања на луѓето во извонредно тешки услови за работа. Ги видовме условите под кои тие луѓе работеа и работат.

Министерство за сообраќај и врски. Тука само би спомнал дветри улоги кои ги има ова министерство а тоа е комплетна логистичка поддршка на сите држави во кои се превезуваат бегалците, било преку воздушниот мост,со возови или друмски сообраќај, знаеме дека се ангажирани минимум 250 автобуси и се ставени комплетно во функција на овие работи и тука би се осврнал,на тоа дали ќе се вика коридор, тоа воопшто не е битно. Битно е да го решиме проблемот со бегалците, а проблемот со бегалците не се решава со некои зборови како големи идеи коридори, па ние ќе го направиме коридорот и ќе дојдеме до некоја држава па таму ќе ги истуриме. Тоа се прикаски кои на сите ни е јасно дека треба, некој рече на телевизија теоретски збор коридор, меѓутоа треба да се разработат, а очигледно дека владее со неколку системи кои ги спомнав овдека и како улога и логистичка поддршка на Министерството за здравство, па сега дали се викало воз-душни мостови или како сакате, тоа воопшто не е битно. Понатаму, ова Министерство за сообраќај и врски дава логистичка поддршка на хуманитарната помош. Досега беа сите овие наши компании од Република Македонија вклучени во активностите преку ова министерство.

Министерство за урбанизам. Основна задача е на собирни и прифатни центри за бегалците која падна на ова министерство и треба да се признае дека Министерството за урбанизам во рамките на своите можности и можностите на државата, направи што можеше.

Понатаму, Министерството за труд и социјална политика како организатор на собирањето, прифатот на бегалците, кој имаше нормално, сериозна улога во сето тоа.

Јас би се осврнал тука на хуманитарната помош. Во оваа прилика сакам да укажам и да упатиме апел до сите релевантни субјекти за организација на хуманитарната помош, за да не дојде до никаква злоупотреба на било кој начин. Ова пред се, го видовме од реагирањата на одредени медиуми, јас лично не би ги кажувал, имено, видовме дека одредени организации и медиуми контактираат само со одредени групи на граѓани, односно организации дали хуманитарни, или организации кои не се во склоп на Владата, односно институциите на системот и се добива една погрешна слика за организираноста и спроведувањето на сите активности од страна на Владата како организиран субјект.

Сите ги следиме бројките на бегалците секојдневно, следиме каде се распоредуваат, каде се превезуваат и тн. и исто така бројката од 130 илјади бегалци во Република Македонија е добро позната од вчера и завчера.

Сметам дека отворено треба да се каже дека ни НАТО во почетокот на своите воздушни напади врз цели на Република Југославија, не ја предвиде хуманитарната катастрова, Република Македонија тогаш се изјасни и беше спремна за 20 илјади бегалци. Кога НАТО не можеше да претпостави дека таква работа ќе се случи и таков ќе биде нетавиен одзивод на властите од страна на Југославија, виза ви целата акција и тој не можеше да претпочита дека ќе се создаде толкав бран бегалци, или депортирани граѓани;. Затоа намерно го спомнав времето, односно темпото со кое одредени настани се случуваат и незнам која е таа организација и влада која би можела да се справи во еден ден со 120 илјади бегалци, особено во земја каде тие 120 илјади бегалци знаеме кој процент изнесуваат, 5-6% од популацијата, за да може контролирано сите да се евидентираат, да се сместат, да се упатат,се она што треба да се направи со тие бегалци. Впрочем, видовме слики на аеродромот на Петровец во Скопје каде што за 50 бегалци сите групно во еден авион по пет шест фамилии се сликаат и даваат отисоци за да во тие земји дали Норвешка или Турција сеедно,отидат преку тој воздушен мост. Значи сепак треба една организација и треба еден ред од било која држава тоа да се евидентира е нормално и потребно време. Во оваа прилика мора да се даде поддршка и изрази голема благодарност на сите полицајци, војници, здравствени работници, возачи и други граѓани кои учествува, кои ги гледавме ден и ноќ на теренот и по патиштата и воопшто што дадоа придонес во овие тешки услови и направија се од себе и се што можеа во своите можности и рамки за да се ублажат овие човечки страдања, без оглед на тоа од каде се бе-галците на која нација или концесија припаѓаат.

На крајот би ги потенцирал штетите поради косовскиот конфликт, сепак ова го кажувам со оглед на тоа дека ние ќе имаме еден период во кој треба да се справиме со оваа ситуација, знаеме во која ситуација се наоѓаше Македонија и пред ескалација на конфликтот, односно ситуација со бегалците, меѓутоа донесовме Буџет, нормално, Буџетот мораше да се донесе, не можеме да чекаме што ќе се случи, па потоа да реагираме, нормално ќе

го преправиме Буџетот согласно новата ситуација, меѓутоа, јас спомнав една бројка од милијарда ипол долари за оваа година штети на македонското стопанство, само таксативно би навел одредени сегменти, значи изгубени приходи поради намалено производство, на производи од индустрија и рударство, транспортни трошоци поради користење заобиколни патни правци, изгубен приход од неостварени транспортни дејности, изгубен приход од неостварена туристичка дејност, изгубен приход од неостварен пласман на земјоделски производи и тн. Морам да разочарам некои од дискутантите и да споманам еден добар пример на барањето за излезни решенија, а тоа е продолжување на соработка со Тајван, што се покажува со доаѓањето на висока делегација, сочинета од државни бизнисмени за техничка и инвестициона соработка. Морам некои дискутанти да ги разочарам за ова бидејќи и покрај ситуацијата во која се наоѓа Република Македонија од делегација дел е пристигнат, а другиот дел треба да пристигне во вторник, а од друга страна, према она што е понудено, од страна на целиот аранжман и сите проекти од Тајван, досега во обработка се 248 проекти, односно нашите граѓани побараа да учествуваат во 248 проектии кои што се во разработка, така да тезата да тоа е нешто што беше како пробен балон не држи.

Јас не би се задржал на некои претходни дискусии во оваа прилка, само би спомнал дека ние сепак, не можеме да покажуваме дволичност, виза ви НАТО и северноатланските структури, не зборам ни за една партија, ниту за некој политички субјект, сме се определиле, меѓутоа, ќе напомнам дека тоа не значи дека ние не можеме некои партикуларни решенија да даваме во реалциите со НАТО. Впрочем, што ги спомнав 11 анекси, можат да бидат и 20, тоа е отворена рамка на која може да се работи врз база на основниот и СОФТ аранжман, е Договорот партнерство за мир.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што гледам дека во салата нема доволно пратеници, а и веќе 8,5 часа работиме, имаме уште 10 дискутанти. Јас предлагам денеска да ја прекинеме седницата, да ја продолжиме во среда во 11 часот, бидејќи имаме празници, ја користам можноста на православните верници да им ги честитам Велигденските празници и седницата ќе продолжи во среда во 11 часот.(Благодарам)

(Седницата заврши во 19,20 часот.)